ВЕРИЦА НЕДЕЛКОСКА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ



# СОДРЖИНА

**НАУЗА ЗА ЈАЗИКОТ**……………………………………………………......... 3

**Знак –** видови знаци……………………………………………………...... 4

**Комуникација –** елементи на комуникацијата и видови комуникација…... 5

**И животните комуницираат**……………………………………….............. 8

**Македонија –** Анте Поповски………………………………………….... 10

**Дали сте знаеле дека**........................................................................................ 12

**Без јазик си никој и ништо –** Видое Подгорец............................................. 13

**Сон за гласовите и за зборовите –** Михаил Ренџов .................................... 15

**Фонетика - создавање на гласовите, говорни органи** .............................. 16

**Поделба на гласовите** ...................................................................................... 17

**Самогласно Р** .................................................................................................. 17

**Поделба на согласките по звучност**.............................................................. 18

**Едначење по звучност**...................................................................................... 19

**Исклучоци од правилото за едначење по звучност** .................................... 21

**Обезвучување на звучните согласки на крајот на зборот**........................ 21

**Истражуваме – што е уметност**...................................................................... 23

**Поделба на литературата – литературни родови**........................................ 24

**Поделба на литературата според авторството**............................................ 24

**Особености на народната литература**........................................................... 25

**Сончево око –** Србо Ивановски.......................................................................... 26

**Црна се чума зададе –** народна песна ............................................................. 27

**Лирика** .................................................................................................................. 28

**Молитва за сон –** Блаже Конески ..................................................................... 28

**Народна лирска песна** ........................................................................................ 29

**Епика**...................................................................................................................... 30

**Златно јаболко –** Ерменска народна приказна ............................................... 30

**Драма**...................................................................................................................... 32

**Петка по шепотење, единица в дневник –** Александар Кујунџиски............ 32

**Акцент**..................................................................................................................... 35

..

# СОДРЖИНА

**Правила за акцентирање**........................................................................................ 35
**Акцентот на сложените зборови**............................................................................. 36
**Мирисот на сеното –** Видое Подгорец...................................................................... 37
**Каков е денешниот ден –** Киро Донев...................................................................... 38
**Непријатели –** Горјан Петревски.............................................................................. 40
**Добрина –** Цане Андреевски...................................................................................... 42
**Ти благодарам што ме нарече грда –** Цанг Ќуишенг.............................................. 43
**Старецот – Дамир Милош**........................................................................................ 43
**Над 7000 Британци сѐ уште гледаат на црно-бел телевизор** (новинарски текст)......... 48
**Новинарство**.................................................................................................................. 50
**Видови информативни текстови, вест**..................................................................... 51
**Факт и мислење**............................................................................................................ 52
**Дизајнирани се џиновски пловечки острови...** (новинарски текст)........................ 53
**Пливање** (новинарски текст)........................................................................................ 54
**Комарец на тринаесеттиот кат –** Гао Хонгбо........................................................... 54
**Застани на небото -** Ерин Боу........................................................................................ 56
**Пат на Марс** (новинарски текст).................................................................................. 62
**Кралот Ружа и кралицата Трн –** Ванчо Полазаревски............................................. 63
**Синтакса, поим за реченица**......................................................................................... 66
**Реченична интонација**................................................................................................... 68
**Модалност на реченицата**............................................................................................ 68
**Правопис и правописни правила**.................................................................................. 71
**Интерпункциски знаци**.................................................................................................. 72
**Употреба на голема почетна буква**............................................................................ 78
**Пишување на сложените сопствени имиња**.............................................................. 80
**Употреба на мала почетна буква**................................................................................ 80
**Лектира што инспирира – „Белото циганче“** од Видое Подгорец........................ 82

# НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ



## Размислуваме...

Кои сличности ги имаат луѓето и животните? По што се разликуваат? Дали животните можат да зборуваат? Зошто и како се појавил говорот?



**Јазикот** е систем од знаци што го користат луѓето за меѓусебно разбирање. Уште од раѓање, човекот употребува знаци за да комуницира. Плачењето на бебето претставува знак, односно укажува на тоа дека е гладно или дека му се спие. Мајката ги распознава овие знаци и ги задоволува потребите на своето дете. На тој начин новороденчето комуницира со околината.

## Да заклучиме:

**ОПШТЕЊЕ** или **КОМУНИКАЦИЈА** е размена на знаци или пренесување пораки од испраќачот до примачот.

**ЗНАК** е нешто што укажува на нешто друго.

# ЗНАК

## (ВИДОВИ ЗНАЦИ)

Знаците како елементи на комуникацијата можат да бидат:

**СИМБОЛИ** - знаци што се испраќаат СО намера (светлата на семафорот, сообраќајните знаци, училишното ѕвонче итн.) и

**СИГНАЛИ** - знаци што се испраќаат БЕЗ намера нешто да нè информираат (црвенило на лице или каков било израз на лицето, чад во далечина, жолтата боја на лисјата во есен, трагите во снегот и сл.).

Според тоа какви знаци се разменуваат во процесот на комуникација, комуникацијата може да биде **сигнална** или **симболичка**.

### Размислувам... согледувам

Разгледајте ги знаците и објаснете на што укажуваат, кому и со каква намера му се упатуваат. Потоа работете во двојки и подредете ги во табела со две колони: симболи и сигнали. Табелата дополнете ја и со други примери.













# ОПШТЕЊЕ (КОМУНИКАЦИЈА)




## ЕЛЕМЕНТИ НА КОМУНИКАЦИЈАТА

**ПОРАКА** – она што се пренесува (знаци)

**ИСПРАЌАЧ** – оној што ја испраќа пораката

**ПРИМАЧ** – оној кому му е упатена пораката

**СРЕДСТВО** – она низ што се одвива комуникацијата (телефон, е-пошта и сл.)

**ПОВРАТНА ИНФОРМАЦИЈА** – реакцијата или одговорот на примачот откако ќе ја добие

## ВИДОВИ КОМУНИКАЦИЈА

**Сигнална** и **симболична**

**Еднонасочна** и **двонасочна** (заемна)

**Непосредна** (директна) и **посредна** (индиректна)

**Вербална** и **невербална**





**Заемна комуникација** – примачот има можност да даде повратна информација, да постави дополнително прашање или да побара дообјаснување. Сите учесници во комуникацискиот процес можат слободно да разменуваат мислења и идеи.



**Еднонасочна комуникација** – информацијата се пренесува само во една насока, од испраќачот до примачот.

Размислувам...

Која комуникација е поефективна и зошто? Како сакам да комуницирам?



**Непосредна** (директна) – испраќачот и примачот на пораката се во иста просторија и директно ги разменуваат информациите. (**комуникација очи в очи**)



**Посредна** (индиректна) – испраќачот и примачот не се во иста просторија и пренесувањето на информацијата се одвива преку некое комуникациско средство: телефон, компјутер, писмо, електронска пошта и сл.

| | |
|---|---|
|   |   |
| **Вербална комуникација** се остварува кога се општи со јазикот, односно кога се користат зборови. Таа може да биде **писмена** и **усна**. | **Невербална комуникација** е кога не се користи јазикот, туку се употребуваат помошни средства, како што се гестовите, мимиките, говорот на телото, оддалеченоста од соговорникот, симболите и сигналите. |

## Размислуваме...

На кој начин најчесто комуницираш со родителите, со другарите, со наставниците? Дали зборовите секогаш се доволни за да го искажеш своето мислење или понекогаш си помагаш и со гестови, мимики, со говорот на телото? Како ти е полесно да ги изразиш своите чувства, вербално или невербално? Дали насекаде во светот знаците што го користат луѓето при невербалната комуникација означуваат исто?

## Предлог-активности



**Активност 1:** Секоја група добива листа со неколку искази. Разгледајте ги ситуациите и низ дискусија определете за каков вид комуникација станува збор. Потоа образложете ги одговорите пред соучениците.

**Пример:** Учениците и наставникот дискутираат за лектирата. – *вербална, заемна, непосредна комуникација*.

Наставникот ја предава лекцијата.

Си ги планирам активностите за утрешниот ден.

Полицаецот го регулира сообраќајот на крстосницата.

Му испратив писмо на братучед ми.

Димитар ѝ нацрта срце на Виолетка.

Утрово добив електронска порака од Елена.

Баба ми климна со главата и се насмевна.

**Активност 2:** Секој ученик треба да каже по еден пример за невербална комуникација што ја остварил тој ден. Потоа во рамките на групата заеднички запишете дијалог со кој може вербално да се претстави таа ситуација и определете ги елементите на комуникацискиот процес.

**Дали сте знаеле дека...?**

## И животните комуницираат

Животните меѓусебно комуницираат на најразлични начини. Некои животни, како и луѓето, при комуникација, покрај „говорот на телото“ користат звучни сигнали, мирисни сигнали или хемикалии. Други животни комуницираат со допир или вибрација, трети со заземање одредена положба на телото. Прочитајте го текстот на следната страница и потоа разговарајте за тоа каков вид комуникација користат животните. Зошто имаат потреба да комуницираат? Дали знаеш и други примери за начини на комуникација кај животните?

Жабите вообичено комуницираат со звучни сигнали (крекање). За разлика од нив, на панамската златна жаба (*Atelopus zeteki*) ѝ недостасува средното уво и поради тоа таа не може да ги прима звучните сигнали. Во текот на еволуцијата кај неа се развил модел за комуникација преку **говор на телото**. За комуникација со другите единки од овој вид тие мавтаат со предните екстремитети или соодветно ги подигнуваат задните екстремитети. Овој комуникациски систем наликува на системот што го користат сообраќајните полицајци при регулација на сообраќајот на крстосниците.



Бојата и обликот на телото се најчестите симболи што ги користат животните. **Јаката боја на пердувите** кај мажјаците од некои птици (на пр. кардиналот) е знак на нивното добро здравје и привлечност.



**Големината на роговите** на елените укажува на тоа колку се моќни и привлечнии.



**Китовите „пеат“**, односно испуштаат звуци кои служат како предупредување и известување за другите единки.



Мајмуните од видот *Chlorocebus pygerythrus* си испраќаат различни **звучни сигнали**, во зависност од тоа за каква опасност алармираат. Доколку здогледаат орел на небото, произведуваат звук сличен на кашлање, за леопард звукот наликува на лаеж, а ако здогледаат змија, испуштаат звук како вресок.



# МАКЕДОНИЈА

1.



Стиснете ги тревките
неа ќе ја исцедите.
Наслонете се врз каменот
името ќе и го чуете.
Симнете се во рекине
дното со неа ќе ве почести.
Легнете да починете
и ноќта со неа ќе ве покрие.

2.

На овој даб името ќе ти го напишам
дождовите да го симнат
жедните в земја
да ги напоиш.
На оваа нива грутка од тебе ќе посеам
класатка да никне
со неа внучињата да ни ги храниш.
На овој рид ќе те оставам
и кога ќе заминам
пак да те гледам
Голема.

3.

Еве ја таа проста земја
од дволичен камен
и сонце.

Децата уште незаодени каде откопуваат
лобањи по градините

Еве ја таа проста земја
од пајажина
и од води

Мудро слободата кај што ги запишува
селските имиња
Место икони по црквите

И каде летото како судбина
Трае до последниот востанат

Еве ја таа проста земја
од заморено дишење
и од молк

Низ која времето одминува
и пак се враќа
Со неа да го сподели лажното траење.

О, еве ја таа проста земја
од грч
и од чекање

Што ги научи и ѕвездите да шепотат на македонски
а никој не ја знае.

**Анте Поповски**

## Разговараме

Погоре е претставен извадок од поетската творба „Македонија“, односно, првите три дела од неа. Читајќи ги стиховите можеш ли да забележиш кон кого е поетовото обраќање во првиот дел, а кон кого во вториот дел? Што велат стиховите во првиот дел, каде сè се наоѓа Македонија? Поетот во втората строфа се изјаснува дека ќе го запише нејзиното име. Пронајди каде. Каква ќе биде Македонија и откако поетот ќе ја остави и пак ќе се врати? Во третиот дел стиховите изразуваат восхит од тоа што сè е Македонија. Посочи ги тие стихови.

Песните можат да бидат напишани според различен мотив. Што мислиш, каков вид творба е „Македонија“ според мотивот?

## Дискутираме, истражуваме

Од кога е самостојна нашата држава? На кој празник ја славиме нејзината самостојност? Според тоа, колку години самостојност одбележува нашата земја?

## Твориме



Напиши краток состав со наслов „Најубавото во мојата татковина“.





**Дали сте знаеле дека...?**

Во Македонија постојат 50 поголеми и помали езера: Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро, глацијални езера на Попова Шапка (19 постојани и осум повремени) и 150 локви, Бистра – Маврово – Локув и четири помали глацијални езера – на Кораб има осум, на планината Стогово, Крушево, Пелистер – Големо и Мало Езеро, познати како Горски или Пелистерски Очи, периодичното глацијално езеро Орлови Бари и други.

* * *

Палеонтолошкиот локалитет што се наоѓа во селото Каласлари е фосилно наоѓалиште откриено во 1973-та. По богатството на пронајдените фосилни цицачи (коњи, газели, жирафи, свињи, кучиња и др.), овој локалитет се вбројува во едно од најпознатите наоѓалишта што се откриени во светот.

* * *

Превалец е палеонтолошки локалитет. Наоѓалиштето случајно го открил германскиот истражувач Југман во 1917 година. Староста на фауната е одредена како долноплиоценска, а откриени се многубројни родови и видови фосилни цицачи, и тоа: мајмуни, хипариони, жирафи, антилопи, газели, елени, мастодонти, носорози, свињи, хиени и др.

http://www.kingmarkoland.com

Извор: https://novamakedonija.com.mk/prilozi/kolibri/vo-makedonija-ima-50-ezera/, преземено на 1.8.2023

**Учиме нови зборови**

**Глацијален** (леднички) – што се однесува на епохата на глечери, кога северниот дел на Европа бил под снег и мраз.

**Фосили, фосилни** – скаменето растение или животно од некогашни геолошки периоди.

**Палеонтологија, палеонтолошки -** наука за изумрените животни и растенија проучувани по нивните ископани останки.

## Дискутираме, истражуваме

Кои локалитети се наброени во текстот? Колку езера постојат во Македонија? Што мислиш за кои езера станува збор, за природните или за вештачките езера?

## Предлог-активност



Поделете се во групи. Секоја група нека има задача да резимира по еден дел од текстот со две реченици.

### Без јазик си никој и ништо

Родниот јазик е бисерен ѓердан
од зборови  - плодови сочни,
мислите тие ти ги редат
во слики јасни и точни.

Тој е вруток непресушен, вечен,
низ бистри капки - зборови тече.
жубори, клокоти, ѕвони, се лее
ко јасна ѕвезда секој збор грее.

Тој ни е завет од дедовците
како тланикот на огништето.
Чувај го како црнка во очите
- без јазик си никој и ништо.

Видое Подгорец



**Интересни факти**

- Најдолгата азбука во светот содржи 74 букви. Тоа е азбуката на кмерскиот јазик што се зборува во Камбоџа.
- Најкусата азбука, пак, има само 12 букви. Јазикот се вика ротока и се зборува во Папуа Нова Гвинеја.

**Учиме нови зборови**

**тланик/тланици** – место блиску до огништето

**завет** – ветување, заклетва, даден збор дека нешто ќе се изврши, желба, порака оставена некому за да ја исполни

## Истражуваме

Колку јазици се говорат во светот? Кој јазик има најмногу говорители, а кој, пак, најмногу зборови?

## Разговараме

Наброј и објасни што, според стиховите во песната „Без јазик си никој и ништо“, е родниот јазик?

Од што е сочинет бисерниот јазичен ѓердан? Каков вруток е јазичниот вруток?

Прочитај ја последната строфа уште еднаш. Што мислиш, зошто родниот јазик во оваа песна е наречен завет?

**Народни поговорки**

**Јазикот е поостар и од сабјата.**

**Јазикот прави добро, јазикот прави и лошо.**



## СОН ЗА ГЛАСОВИТЕ И ЗА ЗБОРОВИТЕ

Во сонот, дедо, нели
гласовите се пчели?

Од гласовите настануваат зборовите
од нив птици и пеперуги
летнуваат.



Со зборовите
умуваме и пееме.
Зборовите се зрна
што ги сееме.

А зрната
сами никнуваат
потоа како цутје
расцутуваат.

Од нив песни и сказни
се исплетуваат
животот ни го разубавуваат.

Што би било, дедо,
ако не зборуваме
ако не пееме?

Тогаш, дете мое,
само ќе тагуваме
само ќе немееме.

Михаил Ренцов

**Разговараме**

Гласовите во песната се наречени пчели. Што мислиш – зошто? Што се формира со гласовите? Што може да се прави со зборовите?

Што мислиш, дали би можеле да живееме без зборовите? Се согласуваш ли со стиховите од последната строфа?

# ФОНЕТИКА

**Фонетиката** е дел од науката за јазикот што ги проучува гласовите, нивното образување, нивниот изговор и поделба**.**

*Создавање гласови; Говорни органи*

Говорниот апарат е она што го разликува човекот од другите живи суштества. Најмал дел од јазикот е гласот. Гласот е артикулиран звук, кој се создава во говорниот апарат. Говорните органи се составен дел од дишниот апарат.

Органи кои учествуваат во говорот (создавањето и изговарањето на гласовите) се:

- белите дробови, кои се исполнуваат со воздух неопходен за зборувањето;
- гркланот и гласните жици, кои започнуваат со формирање на гласот и
- усната празнина каде што се дооформува гласот.

При формирањето на гласовите учествуваат сите делови од усната празнина: горната и долната вилица, предното (тврдо) и задното (меко) непце, ресичката, јазикот, забите и горната и долната усна.
Различни гласови се создаваат со употреба на различни делови од усната празнина.




Говорни органи

# ПОДЕЛБА НА ГЛАСОВИТЕ

## САМОГЛАСКИ, СОГЛАСКИ И САМОГЛАСНО Р

Најмалите делови што можат да бидат забележани во еден збор се викаат гласови. Низите од гласови формираат зборови. Сите гласови не се изговараат на ист начин. Нивниот изговор зависи од поставеноста на говорните органи и од движењето на воздушната струја низ нив. Најопштата поделба на гласовите е на **самогласки и согласки**. Разликата меѓу согласките и самогласките е во начинот на нивното изговарање. При изговорот на согласките, воздушната струја во усната празнина наидува на различни пречки. Самогласките, пак, се изговараат без пречки, со слободно поминување на воздушната струја во усната празнина. Поради ова, самогласките ги слушаме како **тонови**, а согласките како **шумови**.

Во македонскиот стандарден јазик има пет самогласки**: а, е, и, о** и **у**. Сите други гласови се согласки.

Самогласките и согласките се разликуваат и по тоа што самогласките се слоготворни, а согласките се неслоготворни. Односно, гласовите се групираат и редат во зборот на тој начин што ќе можат полесно да се изговорат и така се создаваат – слогови. Еден или повеќе слогови образуваат збор. Во градењето на слогот самогласките се основата за која „се врзуваат" една или повеќе согласки. Слогот мора да содржи самогласка (која понекогаш може и да биде сама во слогот).

Ми-ми ја-де зе-лен-чук. Пе-пи ја-де о-вош-је.

**Самогласно Р**

Во македонскиот јазик, кога во слогот недостасува самогласка, таа улога ја презема гласот **р**. Такви случаи има неколку:

- кога Р се наоѓа меѓу две согласки: врв, грло, дрво, жртва, прст, прстен, срце, црква и др.,
- кога Р се наоѓа на почетокот на зборот, а по него следува согласка: ’рбет, ’рбетник, ’рѓа, ’рж, ’ржи, ’рскавица,’рт, ’рти, ’рчи.
- кога Р е во состав на збор чиј префикс завршува на самогласка: за’рѓа, за’ржи, про’рти,

* Забелешка: Ако префиксот завршува на согласка, не се пишува апостроф: безрбетник, изрти, сржи.

ВЕЖБИ

Прочитај ги речениците и обележи со точно √ доколку самогласното р е напишано правилно или со неточно ⊥, доколку е напишано неправилно.

1. Кучето, за’ржи, а Поли се исплаши и не ја отвори портата.
2. Д’рвото е исушено, најдобро е да се исече за огрев.
3. Да се засади дрво значи да се биде еколгист.
4. Неговото тело немаше коски туку ’рскавица.
5. Мекотелите како животни се бројат во редот безрбетници.
6. Оградата не е бојадисана веќе 10 години, рѓосана е.

## Размислуваме... согледуваме

Погледнете ја табелата подолу. Изговарајте го секој глас посебно и внимавајте на артикулацијата, на начинот на кој се изговара. Што заклучувате за секој глас посебно? Дали треперењето на гласните жици е исто при изговорот на секој глас, односно, дали е исто или различно кај гласовите од различни редови?

| |
|---|
| А, Е, И, О, У |
| Б, В, Г, Д, Ѓ, З, Ж, Ѕ, Џ |
| П, Ф, К, Т, Ќ, С, Ш, Ц, Ч, Х |
| Ј, Р, Л, Љ, М, Н, Њ |

Се разбира, изговорот не е ист. Треперењето на гласните жици, односно нивната затегнатост при изговорот ја создава звучноста на изговорениот глас. Најзвучни се самогласките, потоа сонантите и на крајот согласките, односно првиот ред гласови, па потоа последниот ред гласови од табелата, а потоа останатите гласови. При изговорот на согласките, доколку гласните жици не се оптегнати, туку опуштени, се создаваат безвучните согласки.

Во македонскиот јазик, според критериумот **звучност**, согласките се делат на:

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЗВУЧНИ** | Б | В | Г | Д | Ѓ | З | Ж | Ѕ | Џ | |
| **БЕЗВУЧНИ** | П | Ф | К | Т | Ќ | С | Ш | Ц | Ч | Х |
| **СОНАНТИ** | Ј Р Л Љ М Н Њ | | | | | | | | | |

Како што може да се види од табелата, звучните и безвучните согласки во македонскиот јазик се во парови (секоја звучна си има безвучен парник), освен согласката Х која е безвучна. Сонантите се позвучни од звучните согласки и им се доближуваат на самогласките.

Но зошто е важно да се знае поделбата на гласовите според звучноста и зошто е важно да ја знаеме гласовната промена која настанува како резултат на различната звучност на гласовите?

**Предлог-активности**



- Поделете се во парови и разгледајте ги примерите напишани подолу. Дискутирајте за начинот на нивниот изговор, односно какво е изговарањето кога согласките и самогласките се во непосреден допир, во позиции на звучна и безвучна согласка една до друга, како на пример во зборовите:
  клуб - клупски (клуб + ски), риба - рипка (риб + ка), снег - снекче (снег + че), град - гратче (град + че), тежок - тешка (теж + ка), блиска (близ + ка), гозба (гост + ба).

Што заклучивте? Дали е полесно да се изговори **клубски** или **клупски**? Што се менува? Зошто се менува изговорот?

Заклучуваме дека поради приспособување на гласовите за полесен изговор настанува гласовна промена која се вика **ЕДНАЧЕЊЕ ПО ЗВУЧНОСТ**. Всушност, звучните и безвучните согласки што се наоѓаат во непосреден допир се изедначуваат по звучност за да може полесно да се изговорат. Едначењето по звучност значи дека и двете стануваат или звучни или безвучни, според тоа каква е втората. Ако втората е звучна и првата ќе стане звучна, ако втората е безвучна и првата ќе стане безвучна.

Сонантите (ј, л, љ,м, н, њ, р) не влијаат врз едначењето по звучност: жалост – жалослив, мирис – мирислив.

Гласовната промена едначење по звучност има одраз и во пишувањето.

**ПРАВОПИСНИ ПРАВИЛА ВО ОДНОС НА ГЛАСОВНАТА ПРОМЕНА ЕДНАЧЕЊЕ ПО ЗВУЧНОСТ**

Во однос на оваа гласовна промена постои правописно правило кое гласи:

Кога во говорната низа ќе се најдат во непосреден допир две согласки со различна звучност, тие се изедначуваат по звучност – или двете стануваат звучни или двете безвучни (од ист ред во табелата), **и тоа според втората согласка:** заб – запче, сват – свадба.

Примери:

**б > п** рипка (риб(а) + -ка), риба - рипка

клупски (клу**б** + -**с**ки), клуб - клупски

ропски (роб + -**с**ки), роб - ропски

запци (заб + -ци), заб - запци

врапче (враб(ец) + -че), врабец - врапче

лепче (леб + -че), леб - лепче

**г > к** брекче (брег + -че), крег - брекче

крукче (круг + -че), круг - крукче

снекче (снег + -че), снег - снегче

**д > т** ретка (ред(ок) + -ка), редок - ретка

слатка (слад(ок) + -ка), сладок - слатка

бротче (брод +-че), брод - бротче

гратче (град + -че), град - гратче

ритче (рид + -че), рид - ритче

**ж > ш** жешка (жеж(ок) + -ка), жежок - жешка

тешка (теж(ок) + -ка) тежок - тешка

**з > с** блиска (близ(ок) + -ка), близок -блиска

**т > д** свадба (сват + -ба), сват - свадба

**без- > бес-** бесцелно, бескуќник, бесмртен, бесмислен, бессовесен, бескаматен, бесчувствителен

**зад- > зат-** за**тс**крие

**из- > ис-** ис**к**лучи, ис**к**аже, ис**т**ера, истече, исцеди, исчекори, исчисти

**над- > нат-** натпис, натпревар, натскока, натфрли, наттрча

**об- > оп-** опкружи, опкова, опслужи, опстане, оптегне, оптовари, опфати

**од- > от-** отпише, отплаќа, отсега, оттаму, оттогаш, оттука

**под- > пот-** потпис, потсетник

**пред- > прет-** претпладне, претсобје, претчувство, претседател

**раз- > рас-** расположи, расцути, расчекор

**ИСКЛУЧОЦИ ОД ПРАВИЛОТО ЗА ЕДНАЧЕЊЕ ПО ЗВУЧНОСТ**

1. Согласката **В** не се едначи по звучност: вкупно, впери, всели, вторник, вцрви, вчера, евтин, здравство, мавта, мевце, мравка, тревка, цевка
2. Согласката Д не се едначи по звучност:
   - кога се наоѓа пред **–ски**, **-ство**, **-ствен**: бродски, градски, ортопедски, охридски, судски, книговодство, наследство, производство, раководство, средство, судство, производствен
   - пред **–ци**: домородци, крадци, месојадци, очевидци, предци
3. Звучните согласки не се обезвучуваат пред членската наставка **–та**: жедта, заповедта, зобта, надежта, ’ржта
4. Во зборовите: бегство, другпат
5. Во зборовите од странско потекло: **дис**баланс, **дис**графија, **пост**дипломски,

## ОБЕЗВУЧУВАЊЕ НА ЗВУЧНИТЕ СОГЛАСКИ НА КРАЈОТ НА ЗБОРОТ

**Предлог-активност**

- Прочитајте ги зборовите и размислете кој глас го слушате последен при изговорот: даб, џеб, бев, живеев, прав, прв, праг, драг, друг, брег, снег, млад, град, ред, рид, грабеж, надеж, бодеж, стремеж, копнеж, еж, нож, образ, мраз.

Потсетете се на табеларниот приказ на звучни и безвучни двојки. Дали напишаните зборови завршуваат на звучни или на безвучни согласки? Како се изговараат звучните согласки на крајот на зборот? Слушаме „дап“ наместо „даб“, слушаме „беф“ во „бев“ итн.

**Да запомниме: Звучните согласки на крајот од зборот се изговараат како безвучни, бидејќи е така полесно, но обезвучувањето не се бележи во пишувањето.**

Примери: даб, џеб, роб, бев, живеев, прав, крв, пиев, прв, праг, драг, брег, снег, млад, град, ред, рид, глеѓ, грабеж, надеж, вриеж, бодеж, стремеж, копнеж, еж, нож, образ, ориз, влез, миг, мед, маж...

Како ќе бидеме сигурни дали на крајот на зборот треба да ја напишеме звучната или безвучната согласка? Постои едноставен начин на кој може да направиме проверка за да бидеме сигурни.

Потребно е зборот (именка/придавка) да го ставиме во множина или да го членуваме. Ако во множинската, односно членуваната форма се јавува безвучна согласка, тогаш истата ја има и во еднинската, односно нечленуваната форма.

Пр. маш/маж? мажОТ – мажИ   прф/прв? првИ – првИОТ   ориз/орис? оризОТ

ВЕЖБИ

Поправете ги грешките:

Децкиот сутски совет од зграда 179 на улица „Кочо Рацин“, заседаваше во полн состав. Беа присутни фкупно 26 деца. Од здравствени причини беа отсутни само близначките, но и бес тоа состанокот беше во рет.

На мрас студено време децата одлучуваа како да се справат со чистењето снегче на малата удолница каде што единствено имаа можност да се санкаат. Возрасните имаа запнато да чистат, а снегче имаше колку за лек, токму за санка да помине, со тенко натапкување. Децкиот вриеш во подрумот каде што се состанаа беше поради губењето надеш дека ќе има каде да играат утре претпладне. Возрасните беа кратци на зимското разположение. Најпосле, Ана кажа заклучок: „Утре, фторник, гратската мини удолница на улица „Кочо Рацин“ ќе остане недопрена. Сите имаат задача да си ги *испеат* домашните возрасни членови. Санкањето почнува утре предпладне во 10 часот.“ Заклучокот ќе имаше и печат и подпис, но веќе сите беа полусмрзнати и истрчаа нагоре по зградата.

**Истражуваме**

Што е уметност? Што сè може да биде или е уметност?












# ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА

**Литературата** е уметност на зборот. Со помош на зборот се создаваат творби кои пренесуваат и раскажуваат за настани, ликови, простори и времиња и изразуваат мисли и чувства. Корените на литературната уметност се во фолколорот и митот како форми на колективно литературно творење.

Литературата се дели на **три литературни рода:**

| ЛИРИКА | ЕПИКА | ДРАМА |
|---|---|---|
| (напишана во стих) | (напишана во стих или во проза) | |

**Стих** е ред од песна /стихотворба. Повеќе стихови сочинуваат **строфа**.

Во една песна може да има **ист или различен број стихови во строфите**.

Понекогаш поетите одлучуваат да ја напишат песната без да ги организираат стиховите во точно определен број стихови во секоја строфа или пак да ја напишат во една целина.

Ако за одреден литературен текст велиме дека е напишан во **проза**, тоа значи дека е составен од реченици кои се организирани во полни редови на страницата.

- Лирските творби се напишани во стих. Тоа е главниот надворешен белег на лириката. **Лириката** е литературен род кој изразува / искажува чувства преку стиховите. Тоа е нејзин внатрешен белег.
- Епските творби можат да бидат напишани во стих и во проза. Тоа е надворешен белег на епиката. **Епиката** раскажува и тоа е нејзин главен внатрешен белег.
- Родот драма има три литературни вида: трагедија, комедија и современа драма. **Драмата** се пишува по лица/ликови, а нејзината содржина може да биде напишана во проза или во стих.

Литературните родови понатаму се делат на видови литературни творби кои имаат епски, лирски, а понекогаш и лирско-епски карактеристики.

## ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА СПОРЕД АВТОРСТВОТО

Според критериумот авторство на творбата, литературата се дели на: **народна** и **авторска (уметничка).**

Литературните творби под кои стои напишан автор се викаат авторски, додека оние кај кои нема автор со конкретно име и презиме се нарекуваат народни литературни творби.

Народните песни се анонимни, тие се дел од нашите книги и читанки благодарение на запишувачите на народни умотворби.

## ОСОБЕНОСТИ НА НАРОДНАТА ЛИТЕРАТУРА

Народната литература е првобитниот облик на творештво. Од првобитните форми на народно творештво (митот и сказната), преку кои луѓето си го објаснувале постоењето на сè што гледаат и знаат, па сè до реалистичните приказни, тие имаат силно влијание во животот на човекот и во толкувањето на светот и животот.

Овој вид творештво, народната литература, се раѓа во момент на отсуство на писменост, така што единствен медиум и пренесувач е човекот, и тоа по устен пат. Тоа значи дека со секое кажување на песната или приказната се случува пресоздавање. Секој кажувач и прераскажувач ја кажува творбата на свој начин и така ја дообликува. Усното пренесување ѝ дава на народната литература **колективен карактер**, но дава можност и за создавање **варијанти**, што кажува за нејзината **променлива природа**.

Собирачите на народни умотворби, кои се појавиле многу подоцна од појавата на народното творештво, запишувале различни варијанти од песни или приказни со ист или сличен наслов.

Од сето досега кажано, заклучокот е дека народната литература е **усна, колективна, со променлива форма и содржина** и може да има **повеќе варијанти** од една творба.

Народната литература може да биде напишана **во проза или во стих**, може да има епски, раскажувачки карактеристики или пак да биде лирска и да изразува чувства за некого или нешто.

Освен во стих и проза, народната литература може да биде во форма на **кратки литературни жанрови**: гатанки, пословици, поговорки, изреки, благослови...

| ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СПОРЕД КАТЕГОРИЈАТА **РОД** | | | СПОРЕД **АВТОРСТВОТО** | |
| **ЛИРИКА (во стих)** | **ЕПИКА (во стих и проза)** | **ДРАМА (во стих и проза)** | **НАРОДНА** | **АВТОРСКА** |
| Лирски видови: лирска песна, ода, химна, елегија и други. | Епски видови: епска песна, епопеја, расказ, роман, повест, новела. | Драмски видови: комедија, трагедија, современа драма. | Според формата, може да биде напишана во стих или во проза.<br><br>Некои народни творби се епски, други пак се лирски. | Според формата, може да биде напишана во стих или во проза.<br><br>Авторската литература може да биде лирска, епска или драмска. |

**СОНЧЕВО ОКО**

Измисли растение со чудно име:
Бим Бета, Сон Сета, или обично Нета.
Тоа наше растение со чудно име
ќе расте и дење и лете, ќе расте и зиме
и секогаш ќе цвета.

А сега да измислиме како ќе се вика
цветот на тоа прекрасно растение.

Ако биде нежен, ќе се вика Солзица,
а ако е страшен, на пример Бом Боко.
Ако биде малечок, ќе се вика Ползица,
а кога ќе порасне Сончево Око.

Побрзо порасни голем, Сончево Око,
големите деца сакаат голем цвет,
а ако ти биде тесно во нашето око,
ќе растеш во окото на сиот свет. - **Србо Ивановски**

**Разговараме**

На кој литературен род му припаѓа литературната творба „Сончево око“? Посочи ги внатрешните и надворешните белези на литературната творба за да биде веродостојно твоето тврдење.

Според авторството, каква е оваа литературна творба?

Кој е Сончевото Око во песната? Како е претставен? Кому му се даваат имиња?

Според тебе, кому е наменет Сончево Око?

Издели ги строфите и римите во песната. Избери две рими и обиди се да креираш стихови со нив на тема избрана од тебе.



**ЦРНА СЕ ЧУМА ЗАДАДЕ**



Црна се чума зададе,
там долу Демир Капија,
там долу Македонија,
кој ќе се јунак избере,
чумата да ја пропади,
од жална Македонија?
Избрал се Делчев војвода,
со својата верна дружина-
кумити млади јунаци.
Прва ми пушка пукнала,
удри го Делчев војвода,
в левата страна срцето.
Тогај се Делчев извика:
-Дружино верна, говорна,
кога ќе дома појдите,
мајка ми ќе ве пречека,
за мене ќе ве запраша:
„Каде е Гоце војвода?
Каде е кукушкиот војвода?“
А вие да ѝ речете:
„Син ти се, бабо, ожени,
за мома, за Македонија.“ - **Народна песна**

**Разговараме**

Каде припаѓа оваа песна според авторството? Кому му е посветена оваа песна? Преку кои стихови го согледуваш тоа? Кои видови песни се посветени на историски луѓе и настани, воопшто на историското минато на еден народ? Кога се случуваат настаните во оваа песна? Која е црната чума, според твоето мислење?

# ЛИРИКА

**Лириката** е еден од литературните родови. Лирските творби се пишуваат во стих.

Со лириката се изразуваат чувства и мисли кон нешто или кон некого. Поради ова за лириката се вели дека се карактеризира со субјективност и со емоционалност.

Лириката како род има повеќе **видови**: лирска песна, сонет, елегија, ода, химна...

**Според мотивот,** лирските песни можат да бидат **патриотски, љубовни, хумористични...**

Лирските творби се **пократки** творби од епските.

**Молитва за сон**

Од високи брези
од предели зрачни
на клепкиве слези
и приказни зачни.

Од веѓа до веѓа
тој збор да се слуша,
да премости меѓа,
раздвоена душа.

Со часови цели
да извиди што не,
што денот го дели
да зарасне в соне.

Од високи брези
од предели слачни
под клепкиве влези
и умора начни. – **Блаже Конески**

**Субјективност** – личен однос кон нешто

**Тема за дискусија и истражување**

Колкав дел од животот човекот поминува во спиење?

Што е сонот?

**Твориме на тема** „За што сонува едно дете во шесто одделение“

**Разговараме**

Кој е повикан да слезе врз клепките? Што се очекува од сонот, што може тој да стори?

Во колку строфи е организирана песната? Дали има рима во неа?

Дали песната, според тебе, е лирска? Зошто мислиш така?

## НАРОДНА ЛИРСКА ПЕСНА

Народните лирски песни се исполнети со емоционалност. Во нив народниот пејач опева нешто или некого. Лирските народни песни можат да бидат љубовни, семејни, хумористични, религиски, тажаленки и други видови песни различни по мотив.

### Што појдов в село Дреново

Што појдов в село Дреново,
што најдов момче убаво,
што брза коња јаваше,
што русо перче имаше,
што силен ветер вееше,
перчето му се вееше,
на широките рамена.
Дади ме мајко за него,
сама ќе трчам по него
пак да ме чекаш в година
со русо момче пред мене,
со машко дете на раце.

Народна песна

### Таму горе извор вода студена

Таму горе извор вода студена,
што одеше малко моме на вода,
ми одеше лудо младо по неа,
„Дај ми боже, да се ставам со неа,
да целивам бело лице од неа,
да целивам црни очи од неа“.

Народна песна

**Разговараме**

Прочитај ги двете песни и направи споредување на нивната содржина.

На кого се однесува првата песна, а на кого втората песна?

Дали можат да се наречат овие две песни лирски? Објасни го твојот одговор.

## ЕПИКА

Епиката е книжевен (литературен) род во кој доминира, преовладува **раскажувањето**. Епиката раскажува во стих и проза.

Епски видови се епската песна, епопејата или епот, кои се главно во стихови. Тие раскажувале за важни историски настани или личности од одредени општества. Поновите епски дела се во проза: расказ, новела, повест, роман.

Во епските песни описите на предметите и настаните се долги. Делови од песната се повторуваат и тие добиваат една подолга форма која има и свои специфични стилски изразни средства. Најпознати епски песни во нашата народна традиција се песните посветени на Марко Крале, Болен Дојчин и други.

## ЕПИКА ВО ПРОЗА

# ЗЛАТНО ЈАБОЛКО

Некогаш си живеел некој крал кој бил многу богат. Еднаш разгласил низ целото кралство дека ќе му подари златно јаболко на оној којшто ќе успее да го излаже најубаво.

Во неговиот дворец дошле многу луѓе и сите почнале да лажат, да лажат – дури да ти се смачи. Но, кралот само одмавнувал со главата, говорејќи:

- Да, да, се разбира, тоа би можело да се случи...

Најпосле дошол еден младич со грне во рацете, па му рекол на кралот:

- Честит кралу, дојдов по жолтиците.

- По какви жолтици? – се зачудил кралот.

- По она полно грне жолтици што ти ги позајмив пред една недела.

Кралот се налутил и викнал:

- Ти мене си ми позајмил жолтици?! Лажеш! Јас првпат те гледам. Лажеш!

- Тогаш, добро - се насмеал младичот. – Ако лажам, дај ми го златното јаболко!

Кралот се нашол во тесно, па одговорил:

- Чекај, можеби сум заборавил...

- Уште подобро, тогаш, врати ми го грнето со жолтици.

Кралот се уверил дека младичот го надитрил, се насмеал, му го дал јаболкото и никогаш повеќе не ги терал луѓето да го лажат.

(Ерменска народна приказна)

Извадок од *Приказни за добра ноќ од цел свет* раскажани од Киро Донев





**Разговараме**

Кој настан е раскажан во оваа народна приказна?

Што е тоа што го направил младичот, а никому порано не му успеало?

Како го сторил тоа?

Според приказната, која клучна особина ја има младичот?

На крајот на своите барања кралот излегол лекомислен. Зошто?

На кој литературен род припаѓа овој литературен текст? Според што дојде до таков заклучок?

Народните приказни се полни со народни мудрости. Запиши ја поракатa/пораките од оваа народна приказна.

**Народни поговорки**

**Ако баба лаже, трап не лаже.**

**На лагата ѝ се куси нозете.**

# ДРАМА

Драмата е литературен род кој својата содржина ја претставува преку дејството и дијалогот на ликовите. Основата на драмското дејство е во **драмскиот конфликт**.

Драмските творби може да бидат напишани во стих, но и во проза.

Она што го прави овој литературен род посебен е тоа што е предвиден за изведба на сцена, за разлика од лириката и епиката.

## ПЕТКА ПО ШЕПОТЕЊЕ – ЕДИНИЦА В ДНЕВНИК

Лица: (Наставничката, Стевче, Мирче, Тинка, Мајката)

Сцена: Училница. Час по хемија. Испрашување.

Наставничката: Ајде ти, Стевче, кажи ни ја хемиската формула на солта!

Стевче (исплашено, станува): На солта?!

Наставничката: Да, на солта.

Стевче: На која сол?

Наставничката: На солената сол, ете на таа!

Стевче: Тоа се подразбира; блага сол, секако нема. Но, мислам: дали на морската, или камената; на кујнската, или, да речеме, на онаа што зиме ја фрлаат по патиштата?

Наставничката: На солта. Сеедно на која. Не сакам да повторувам сто пати!

Стевче: Формулата на солта гласи... (Пауза; замолкнува)

Наставничката: Ајде, пушти глас. Зошто замолкна?

Стевче: Формулата ... таа.

Мирче (од зад Стевче; тивко шепоти): На цеел!

Стевче (пребрзано, недослушувајќи убаво): Наце! Формулата се вика Наце!

Наставничката (свртува на шега): Уф, уф, ама именце! Наце! Не е ни Аце, ни Маце, ни Ваце, туку – Наце, а? Сигурен ли си во тоа?

Стевче (неуверливо): Сигурен...

Наставничката: Сигурен, или – сигурно несигурен? Ех, Наце, Наце...

Мирче (шепоти): Нее Наце... На це ел! Со ел на крајот!

Наставничката (воздржувајќи се да не се насмее): Тоа Ел му доаѓа некако како презиме , или како средно име. Наце Ел Ујдурми? Или Наце Ел Сафари? Или нешто слично?

Стевче: Па... така нешто.

Мирче (шепоти отсечно): Не-е!

Наставничката: Добро, ајде сега, кажи убаво, гласно, да те слушнат сите, како гласи формулата на солта? Лично име, татково име и презиме.

Стевче: Име: Наце. Татково име –Ел. Презиме – Не. (Сите се смеат.)

Наставничката: Тишина, молам! Хемијата не е хумореска, иако и таа почнува со буквата „Х“!

Мирче (тивко, доверливо): Се шегуваат со тебе! Згреши! Зар не сфаќаш?

Стевче (тивко, доверливо): Сѐ е во ред! Молчи!

Мирче (тивко, доверливо): Ама, сфати! Не биди смешен!

Наставничката: Што е, Стевче? Ти честитаат ли за одличниот одговор?

Стевче: Не, наставничке... Нешто друго...

Наставничката: Добро, седи и другпат да научиш, а откако ќе научиш, да се јавиш да одговараш, важи ли?

Мирче (пак не чул најдобро): Тажи, наставничке. (Пак сеопшта смеа.)

Наставничката: Ех, тажна е мајката што те родила. Туку, ајде... Сега да позборуваме за еден друг случај. Овде, меѓу нас, има еден ученик, кој веќе не треба воопшто да учи.

Мајката: Што, зар тој знае сѐ?!

Тинка: Кој е тој?

Наставничката: Ќе ви кажам кој, но пред тоа, можеби, е подобро да дознаете што би можел тој да работи?

Мајката: Што?

Наставничката: Би можел слободно да се вработи, како суфлер во театар.

Тинка: Па, тоа е убава и сериозна професија! Суфлер во театар?

Наставничката: Суфлер, да, и би работел во комедии. Во смешни претстави и пиески, како што е оваа! (Го отвора дневникот, пишува единица за Мирче.) Еве му сега единица за суфлерството, а таму таа можеби ќе му важи за петка!

Александар Кујунџиски

**Едночинка** – драмска творба (или театарска претстава) во еден чин.

Драмскиот текст кој штотуку го прочита е едночинка.

## Разговараме

Според она што веќе го прочита за литературните родови, на кој литературен род припаѓа овој текст? Зошто мислиш така?

Кои ликови се среќаваат во текстот? Спореди ги Стевче и Мирче. Што мислиш за нивното однесување. Коментирај го секое однесување посебно.

Што мислиш за „наградата“ за Мирче од страна на наставничката? Дали е во ред? Објасни го својот одговор.

Издвој реплика од некој од ликовите која сакаш да ја коментираш. Зошто ја избра токму неа?



**Тема за дискусија**

Наставничката на едниот тас го става исполнувањето на обврските и учењето, а Мирче на другиот тас го става другарството. Што претежнува на твојата вага? Објасни!

**Учиме нови зборови**

**тас** – метален сад на кантар.

**кантар** – направа за мерење тежина (вага, терезија)

„Тешкиот збор ни кантар не го мери“.

Како ја разбираш оваа народна поговорка?

# АКЦЕНТ

*Акцент, акцентиран слог, акцентен знак*

При изговорот на зборовите можеме да забележиме дека сите слогови од еден збор не се изговараат со иста гласовна сила. При изговорот на секој збор, еден слог се изговара посилно, со повисок тон. Таквото изделување на еден слог во зборот се нарекува акцент. Акцентот е најмногу препознатлив врз самогласката како основа на слогот.

**Акцентот се бележи со знакот (') пред самогласката врз која паѓа акцентот во зборот**: п'иле, уч'илиште, пиш'уваат.

## ОДЛИКИ НА АКЦЕНТОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

*Определен, динамичен, третосложен*

Акцентот во македонскиот јазик по својата природа е динамичен што значи дека него го одликува силината на гласовниот удар врз определен слог.

Во однос на местото, акцентот во самостојните зборови е определен (фиксиран) и паѓа на третиот слог од крајот на зборот.

## ПРАВИЛА ЗА АКЦЕНТИРАЊЕ

**Кај едносложните зборови**, акцентот паѓа **на единствениот слог**: б'ел, б'ил, г'рд, др'аг, кр'ал, л'еб, р'ид, тв'ој, ч'у (од гл. чуе).

**Кај двосложните зборови**, акцентот паѓа **на вториот слог од крајот на зборот**: в'исок, г'оре, д'обар, д'олу, н'аше, н'оси, п'еат, п'оле, с'ело, т'атко, ќ'ерка.

**Кај трисложните и повеќесложните зборови**, акцентот паѓа **на третиот слог од крајот на зборот**: вним'ателно, пол'иција – полиц'ијата, пол'овина, пр'азнина, р'амнина – рамн'ината, со'обраќај – сообр'аќајот, ср'едина, 'ученик – уч'еникот.

При зголемувањето на бројот на слоговите кај ист збор (со додавање наставки) акцентот го менува слогот, при што се води сметка секогаш да падне на третиот слог од крајот.

На пример, ' учител, у' чителот.

## АКЦЕНТОТ НА СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ

Сложени зборови се зборови што се составени од два полнозначни збора.

Акцентот кај сложените зборови главно е ист за изговор и бележење како и кај простите зборови, односно се акцентира **според правилата за третосложно акцентирање** на трисложните и повеќесложните зборови. Во следните примери е прикажан акцентот на сложените зборови во повеќе различни видови сложени зборови:

- **сложени придавки и именки** со акцент на третиот слог на пример, пол'увреме, бел'оморски, долг'овечен, остр'оумен; градон'ачалник,земј'оделец, знам'еносец, п'атоказ.

- бројните форми за означување лица со завршеток –**мина**, исто така, се со акцент на третиот слог од крајот на зборот: дев'етмина, девет'емина, п'етмина, пет'емина.

- **сложените прилози** имаат акцент на третиот слог од крајот на зборот: едноп'одруго, н'авреме, 'однадвор,'однатре, 'отсега, 'отстрана, 'оттука, пон'екаде, пон'екогаш, п'опладне, с'осила.

- третосложно акцентирање има и во **заменските форми**: какв'а-годе, как'ов-годе, ког'о-годе, ко'и-годе, к'ој-годе, шт'о-годе.

- **броевите со приближна бројност** се акцентираат третосложно: два-трин'аесет, пет-шесн'аесет, три-ч'етири, три-четир'иесет, три-четирин'аесет.

- сложените зборови составени од **две заповедни форми**: лапн'иголтни, молч'итолчи, падн'истани, тур'ипечи.

- **имињата на празниците** се акцентираат третосложно: В'елигден, М'итровден, П'етровден, Сп'асовден.

* Забелешка: акцентот во македонскиот стандарден јазик никогаш не паѓа на четвртиот слог од крајот на зборот.

**ВЕЖБИ**

Изберете текст и читајте пред одделението со почитување на правилата за акцентирање што ги изучивте. Активно слушајте, водете белешки за акцентирањето и дајте си повратна информација еден на друг за секое читање.

# МИРИСОТ НА СЕНОТО



Илустрација: Владимир Здравески

Таа ноќ спиев врз сеното во плевната.

Спиел ли некој од вас врз пласт пресно сено? Не? Тогаш навистина не сте имале среќа да го запознаете волшепството на летните вечери в село.

Долго се превртував во меката постела од суви треви. Сите мириси на ливадата таа вечер беа собрани во плевната: густи, опијанувачки, со ништо неспоредливи. Иако исечени и веќе исушени, секое кревко стебленце на троскотот, секое ливче на детелината и на попадичето, на расцветаниот пелин и на сончецот во тој пласт сено продолжуваа да живеат на некој начин. Не, низ нив веќе не струеше животниот сок, но затоа во своето треперење тие успеваа да ја зачуваат песната на штурците, благата мелодија на ветрот што им ја мрсел кадравата коса во свежите ѕвездени вечери.

Низ нив како сè уште да се пренесува кликањето на јаребицата и потполошката, довикувајќи ги своите малечки, распрснати низ затревените лаки и прелози. Во секое исушено ливче се насетува шумолењето на тополите и нечујното паѓање на росата, што како ѕвездени солзи ја опсипуваа ливадата пред мугри.

Во тие меки откоси сено може да се почувствуваат мирисот и топлината на птичјите гнезда и мравјата киселина и оној вечно влажен и благ мирис на земјата што успива како грижна мајка. Нурни си ја главата во сеното и во твоите гради, во бранови ќе навлезе мирисот на детелината во цвет и онаа сладосна блажина на мед и восок што ги оставаат пчелите во себе.

Сите тие таинствени звуци и мириси сè уште обилуваат во пресното сено, кружат и се пренесуваат од стебленце на стебленце, од лист на лист, од цвет на цвет и создаваат една бескрајна симфонија на тишината со која е исполнета летната ноќ.

Од сеното таа и тивка и невидлива река се преточува право во душата и ти ја чувствуваш нејзината мека поплава. Таа полека те обзема, те исполнува со својата леснотија и те издига некаде во млечното небо на ѕвездената ноќ и тие мигови чувствуваш дека токму тие мигови се најскапи во твојот живот. Тоа чувство не можеш да си го објасниш, но знаеш дека во тебе останува еден траен и неизбришлив печат на среќа, која никогаш нема да се повтори. Во такви часови на занес, сè е остварливо, зашто ти си го живееш вистинскиот, полн и целосен живот и зашто во него и самата природа ги има замешано своите таинствени прсти.

Таквите летни ноќи се празник на душата.

(Извадок од романот за деца „Птиците одлетаа“ од Видое Подгорец, објавен постхумно)

https://novamakedonija.com.mk/prilozi/kolibri/mirisot-na-senoto/

**Разговараме**

Секое литературно дело во кое се раскажува има раскажувач. Раскажувачот може да биде во прво лице или во трето лице, односно да раскажува како сведок на настаните или да биде прераскажувач.

Кој е раскажувачот во овој извадок? Како го препозна раскажувачот?

За што раскажува тој во овој извадок?

Издвој реченици во кои раскажувањето и опишувањето на летната ноќ за тебе се посебно интересни. Подвлечи ги зборовите кои сметаш дека се најважни во тие реченици. Употреби ги речениците во свои реченици/опис или раскажување.

## КАКОВ Е ДЕНЕШНИОТ ДЕН

Се разбудил штурецот, се испружил на еден камен и рекол:

- Еј, ама е убав денешиов ден!

- Не е убав! Не е убав! – се јавил црвот.

- Денот би бил убав кога би заврнал дожд!

И, се скарале. Се скарале и решиле да појдат кај мравката, па таа да пресуди каков е денешниот ден. Дошле кај неа и ја прашале, а таа им одговорила:

- На тоа прашање ќе ви одговорам вечер, кога ќе зајде сонцето.

- Добро, ќе причекаме - се согласиле црвот и штурецот.

Кога зашло сонцето, тие пак дошле кај мравката и ја прашале:

- Ќе ни кажеш ли сега каков е денешниот ден?

Тогаш мравката им ја покажала својата дупка полна со храна и им рекла:

- Денеска за мене навистина беше убав ден. Денеска собрав повеќе храна отсекогаш! Сега можам мирно да се одморам.

*(Македонска народна приказна)*

Извадок од *Приказни за добра ноќ од цел свет* раскажани од Киро Донев



**Дискусија и творење на тема**

„По што го мериш твојот ден дали е убав или не?“

**Разговараме**

Определи го литературниот род на оваа творба и определи каква е според критериумот авторство.

Раскажувачката литература – епиката има **ликови**. Ликовите можат да бидат измислени, може да бидат дел од светската или националната историја, можат да бидат растенија, животни – како во оваа приказна, се разбира, луѓе, но и предмети. Сето тоа зависи од писателската фантазија или, пак, од креативноста на народниот раскажувач. Раскажувачката литература ги пренесува настаните преку своите ликови кои се вршители на дејства во приказните и текстовите. За тоа какви се ликовите дознаваме од раскажувачот, од нивните постапки, од она што си го кажуваат едни за други во текстот и слично. Во текстот погоре најмногу дознаваме за ликовите преку дијалозите што ги водат во текстот.

Наброј ги ликовите од приказната. Дали можат некои ликови да се споредат според сличности? Кои? Дали можат да се споредат според различноста? Кои ликови се различни меѓусебе, па дури и спротивни? Пронајди реченици во текстот со кои ќе го потврдиш твоето мислење за ликовите.

Напиши коментар за цитатот:

„- Денеска за мене навистина беше убав ден. Денеска собрав повеќе храна отсекогаш! Сега можам мирно да се одморам.“

# НЕПРИЈАТЕЛИ



Никој не знаеше како се случи толку убав бор да израсне меѓу заболените дабје. Нивните гранки беа искривени, испокршени и покриени со густа мов. Таму долетуваа само ретки птици и набргу одлетуваа. Дабјето беа понастрана од големата здрава гора. Само борот гордо се вишеше меѓу нив.

Некогаш сè беше поинаку. Имаше разбирање и слога. Но дојдоа денови на неслога. И колку што борот станувaше поубав, толку повеќе му завидуваа старите заболени дабје.

- Еј, многу бргу растеш! Како што си се засилил, гледам дека ќе го стигнеш небото! Позапри малку, инаку... – му се закани најкривиот даб.
- Растам, затоа што ми беше добро меѓу вас. И покрај тоа што јас сум бор, а вие дабје, братски си живеевме – мирно му одврати борот.
- За да бидеме браќа, мораш и ти да бидеш даб! Ништо друго... – му се сврте и најстариот ошутен даб.
- Не ве разбирам... Така никогаш нема да бидеме браќа! А јас не можам да бидам ништо друго, освен бор! Како и вие што секогаш ќе си останете дабје.
- Живееш на наше земјиште! И затоа мораш да станеш даб, инаку лошо ти се пишува. Многу лошо, да знаеш! – продолжуваше да се заканува шутиот столетник.
- Никогаш нема да бидам даб, никогаш! – не отстапуваше гордиот бор.
- Нема?! Мислиш дека лабаво ќе поминеш?! Не, горделивко, не... Следува не само тешка казна, туку и протерување од нашава земја!
- Ама, што ви се случи одеднаш?! – не можеше да се изначуди борот.
- Ништо. Но нам ни е пријателка дивата свиња. Таа се храни од нашите желади. Затоа ќе ти ги поткопа корените и ќе се струполиш долу, во бездната...

- Ама при паѓањето, ќе соборам неколку од вас! Барем скапо ќе го дадам животот! – се разлути борот.

Сите се насобраа околу него. Од сите страни го демнеше закана. А знаеше дека е неразумно да прифаќа борба со мноштво дабје. И така, сакал не сакал, во тефтерите на заболеното дабово шумиште беше запишан како даб.

А тој, како за инает, уште повеќе се извиши кон небото. Несопирливо растеше, растеше...

Со текот на времето, заболените дабови дрвја мораа да се распаднат. Се исушија, речиси сите до еден ошутеа. Остана само борот да ги надживува своите непријатели.

И секогаш си остана она што беше – бор!

Друго и не можеше да биде.

Горјан Петревски

Извадок од збирката раскази *Рано дојде љубовта*

## Разговараме

Подолу се дадени цитати од текстот „Непријатели“. За секој од цитатите напиши коментар и сподели го со своите соученици. Направете дисксусија за разликите и прифаќањето на разликите од мнозинството користејќи ги цитатите.

1. Некогаш сè беше поинаку. Имаше разбирање и слога. Но дојдоа денови на неслога. И колку што борот стануваше поубав, толку повеќе му завидуваа старите заболени дабје.
2. - Растам, затоа што ми беше добро меѓу вас. И покрај тоа што јас сум бор, а вие дабје, братски си живеевме – мирно му одврати борот.
   - За да бидеме браќа, мораш и ти да бидеш даб! Ништо друго... – му се сврте и најстариот ошутен даб.
3. - Живееш на наше земјиште! И затоа мораш да станеш даб, инаку лошо ти се пишува.
4. Сите се насобраа околу него. Од сите страни го демнеше закана. А знаеше дека е неразумно да прифаќа борба со мноштво дабје. И така, сакал не сакал, во тефтерите на заболеното дабово шумиште беше запишан како даб.
5. А тој, како за инает, уште повеќе се извиши кон небото. Несопирливо растеше, растеше...

**ВЕЖБИ**: Прераскажете го текстот во своите тетратки и потоа прочитајте ги едни на други своите прераскажани текстови. Работете во двојки.

## ДОБРИНА

Кога ќе го сретнеш слепиот, помини крај него и речи му: - Добар ден.

Тие два збора тој долго ќе ги повторува во себе како најсакана песна. И ќе верува дека тоа е песната на неговото истечено небо.

Кога ќе го сретнеш оној без рака, стегни му ја цврсто неговата здрава рака и задржи ја повеќе одошто е вообичаено.

Тој ќе поверува дека и другата рака му израснала.

Кога ќе го сретнеш глувонемиот, не поматувај ги своите бистри езера, туку над нив нека затрепери изгревот на твојата насмевка.

Тој ќе поверува дека говорот не им треба на луѓето.

Цане Андреевски

**Разговараме**

Дали на сите луѓе им е потребна иста добрина? Од што зависи тоа?

**Твориме**



Напиши состав на тема: Бев сведок на/направив добро дело.

## ТИ БЛАГОДАРАМ ШТО МЕ НАРЕЧЕ ГРДА

Си беше еден лав кој се викаше Агуши.

Тој беше многу убав и силен лав.

Но, беше и многу горд па сите што беа погрди од него ги гледаше од високо.

Еден ден, кога се шеташе низ мочуриштето, сретнаа една жаба со џумки по целото тело.

Агуши ѝ рече на жабата:

„Колку си грда, жабо!“

Жабата се почувствува многу среќно и му возврати:

„Ти благодарам за твојата пофалба!“

„Зар те пофалив?“

„Да, ме пофали!“

„Што кажав?“

„Кажа дека сум многу грда жаба“.

„Ти мислиш дека тоа е пофалба?“

„Секако дека е“ , рече жабата со насмевка. „За една жаба, нема ништо поважно од тоа да е грда. Кога ќе видат дека имам многу грди џумки со отров по целото мое тело, ниеден непријател нема да се осмели да ме повреди“.

„Пред малку со мојата грдотија исплашив една злобна змија и еден лаком жерав. Само поради мојата грдотија, јас сè уште можам да стојам тука и да разговарам со тебе“.

„Мислам дека си навистина добра,“ рече Ангуши. „Со твојата грдотија се штитиш на лукав начин. Можеби затоа си многу слатка. Иако твоите испакнати очи и широката уста не изгледаат убаво, тие се многу посебни!“

„Имаш право,“ рече жабата. „Горда сум и на моите очи и уста! Моите испакнати очи ми помагаат да ги пронајдам одвратните инсекти што летаат покрај мене. Некои од нив ги боцкаат или ги касаат луѓето и шират болести. Некои им нанесуваат штета на цвеќињата, дрвјата и насадите. Ако ја отворам мојата широка уста, можам да го исфрлам долгиот јазик со слуз, да ги залепам инсектите и да ги голтнам“.

„Ти си уште подобра!“ – рече Ангуши. „Ги мразам инсектите кои често ми додеваат. Дури и се обидов да викам на нив и да ги тепам, но сè беше залудно. Ти, пак, можеш лесно да ги уништиш со твоите испакнати очи и со широката уста. Ти благодарам многу. Тоа е достојно за пофалба од сите нас!“

„Ти благодарам многу за твоите комплименти,“ рече жабата. „Всушност, ти си прекрасен лав. Не само што си силен, туку имаш и пријателско срце да ги пофалиш другите!“

Агуши никогаш не беше слушал толку искрена пофалба за себе од другите, па се почувствува многу пријатно.

Така, убавиот и силен лав кој отсекогаш беше многу горд, стана добар пријател со една многу грда жаба.

Извадок од *Приказни големи колку дланка* од Џанг Ќиушенг

**Разговараме**

Која му била најважната одлика на лавот? Како се однесувал кон оние кои не биле толку убави? Што те изненади во текстот? Објасни зошто. Преку која реченица најмногу разбра каква е жабата? Прочитај ја пред сите. Во што се состои пресвртот во текстот? Која е пораката на текстот?



**Тема за дискусија**

Што мислиш, дали убавината е единствената особина според која треба да ги вреднуваме сите околу себе? Дали постои мерка според која се мери убавината? Може ли таа да биде универзална (и убавината и мерката за неа)?

## СТАРЕЦОТ

Нашиот шатор го бевме подигнале на ливадата на работ од шумата. Не одев на претставите, туку се шетав по патеката низ шумата размислувајќи за боите. Одев полека, со нозете растргнувајќи го лисјето, небаре под листовите ќе најдам нешто... Кога! Некој оди?! Се слушаат чекори?! Сакав да побегнам зашто првпат бев во таа шума ... Сед слеп старец. Во едната рака носеше стап, во другата вреќа. Со стапот тропкаше по земјата, камењата, пипкајќи ја шумската патека. Си помислив дека се изгубил, па го прашав:

- Можам ли да ви помогнам?

Тој застана и наместо да ми одговори, ме праша:

- Синко, зошто мислиш дека мене ми е потребна помош?!

Не знаев што да кажам?! Како тој знае дека сум дете, зарем не е слеп?! Ах, да. Сигурно по гласот. Молчев. Тој е слеп, а плус и во шума. Во шумите често заскитуваат и оние кои добро гледаат. Тоа сакав да го кажам:

- Па... ова, мислев дека сте заскитале... дека сте се изгубиле...
  Ама, тој не се изгубил. Тој берел печурки! Вреќата која ја носеше беше полна со печурки. Се чудев.
- Ама... како Вие... како Вие барате печурки кога сте слеп?! Мислам како ги наоѓате?
- Тоа не е тешко – ми одговори смирено и седна на еден камен. – Ете, додека одиш по ова патче понекогаш те грее сонце, а понекогаш не. Кога ќе влезеш во ладовина, малку е поладно. Јас сум слеп, ама човек не мора да гледа за да поачувствува каде е поладно, а каде потопло. Така е?
  Одговорив дека е баш така.
- Ете. Гледаш, некои сенки се суви, а некои полни со влага. Кога ќе дојдеш во влажна ладовина, вдишуваш, го помирисуваш воздухот и ако почувствуваш нешто киселкаво во воздухот, тогаш тука има печурки. Ќе се наведнеш и ќе ги набереш. Гледаш, тоа не е тешко.

Вистина, тешко е кога дува ветар зашто ветрот ги носи мирисите на сите страни, но на ветар не се берат печурки. Кога тоа го рече, помислив дека ќе стане. Стана. Си мислев колку би било убаво кога не би заминал веднаш. Не замина. Како да се загледа во мене.

- Сакаш уште нешто да прашаш? – чекаше... чекаше... Да, сакав да прашам уште многу нешта, ама не можев веднаш да се сетам. Сепак, нешто смислив:
- А како знаете кои се отровни? – уф, добро се сетив.
- Ха, ха... – се насмеа старецот – како знам дека не се отровни? Па, гледаш дека знам. Жив сум. Сè уште не сум се отрул. Тоа е тешко за објаснување, а ти добро гледаш, па затоа и не би ти користело. Така е?

Што можев друго да кажам освен дека е така. Гледам дека е жив, дека не се отрул...

- А ти, момче? Ти нешто си изгубил? Нешто бараш? – одненадеж ме праша старецот.

Се изненадив. Од каде знае дека нешто барам?! Па штотуку го запознав?! Затоа бев храбар:

- Како знаете дека нешто барам? Кој Ви го кажал тоа?!

Се накашла, се насмевна, повторно седна на каменот и рече:

- Слушај ме, момче: оној кој се упатил некаде, оној кој знае каде да оди, тој оди со цврст чекор, брзо чекори. Оној што бега од нешто, трча лево - десно, се сопнува, се врти, па дури и паѓа. Тебе не ти се брза, ти не бегаш, ти бараш нешто. Со нозете шушкаш по лисјата, ги тргаш, дишеш полека... бараш. Ама во шумата е тешко да се најде нешто ако не знаеш каде се наоѓа тоа. Затоа, кажи. Јас добро ја познавам оваа шума, а ти не си оттука. Првпат си овде. Првпат те сретнувам.

Не сакав веднаш да кажам што барам. Што ако старецот рече дека во оваа шума не можам да ги најдам боите?! Каде потоа да ги барам? Сè пребарав, сè! Морето, ливадите, планините, селата, реките... многу мудар. Го знаев тоа слушајќи го како зборува. Затоа внимателно го прашав:

- А Вие знаете ли, Вие, старче, која боја е тревата?
- Тревата?! – се зачуди старецот. – Оваа овде трева? – и покажа со стапот на тревата.
- Да. Оваа трева.

- Оваа трева е зелена – одговори слепиот старец.
- А како Вие го знаете тоа? Зарем не сте слеп?

  Кога го прашав, го остави стапот, малку се замисли, па продолжи:

  - Слушај дете, јас боите не ги гледам со очи. Јас можам да ги намирисам, да ги допрам или да ги чујам. Зелената мириса на трева, белата е ладна, ја има најмногу кога паѓа снег, црвената е топла, се разлева од огнот, потопла е од жолтата зашто жолтата е бојата на денот, бојата на Сонцето, проѕирната боја е мазна како мраз, или стакло, кафеавата се слуша од далечина кога ѕвоната ѕвонат, ветрот ја донесува сивата, а често и дождот. Сината е длабока или висока.

Зборуваше така старецот, а јас не можев да се изначудам на неговите зборови. Одненадеж, бев полн верба, мислев дека и јас можам да ги најдам боите, дека и јас, еден ден, ќе можам да ги разликувам, дека со прст ќе можам да покажам на сината и жолтата, дека на една страна ќе ги сложувам виолетовите крпи, а на друга црвените... Викнав: - Старче?! А која боја сум јас?

Сега тој стана сериозен. Ја испружи раката, ме фати за рамото и со дланката ми помина преку образот. Мислев дека ја бара мојата боја, дека ќе ја напипа мојата боја и ќе каже... Ама рече:

- Дете, тоа мора сам да го откриеш.

Ете, погрешно прашав. Сакав да кажам да ми прости, ама тој рече пред мене:

- Ти сигурно не ги разликуваш боите?
- Да – реков весело, иако тоа е тажно, ама помислив дека тој ќе ми помогне да ги најдам.
- Добро, добро, дете. Оди сега кон својата куќа, па за ден или два, прошетај по овој пат. Јас ќе бидам овде и можеби ќе ти објаснам како се бараат боите.

Го гледав. Ден или два?! Па тоа е дури утре или задутре?! Зошто веднаш не ми каже?! Уплашен го молев: - Ама старче, јас немам куќа! Ние немаме куќа, ние имаме шатор. Јас живеам во циркус. Што ако утре заминеме?!

- Во циркус?! – се изненади старецот – Што правиш ти во циркусот?

Тажно одговорив дека ништо не правам, дека само јадам и спијам, дека учам за училиште и дека ништо не можам да правам зашто не ги разликувам боите. А кај нас сè е во бои. Колку само бои имаат кловновите. Старецот ме смири:

- Не плаши се. Во ова место има многу деца. Вие овде ќе останете најмалку еден месец. Дојди утре или задутре.

Ја собра вреќата и тропкајќи со стапот отиде по патот низ шумата. Се сврти, знаеше дека гледам кон него, и ми мавна со раката. Му мавнав и јас нему... и се зачудив. Како можам да мавтам некому кој не гледа?! Ама, старецот сигурно знаеше дека му мавнав... Мудар е тој...

Извадок од романот *Белиот кловн* од Дамир Милош

## Разговараме

Во извадокот „Старецот“ има два лика: старецот и момчето. По што се разликуваат тие од сите други во околината во која се наоѓаат?

Што бара момчето? Зошто е тажно?

Што го советува старецот за неговата состојба?

Што се надева момчето дека ќе добие од овој старец?

Опиши ја атмосферата во која се одвива разговорот меѓу двата лика.

## Истражуваме

Како се викаат луѓето кои не разликуваат бои?

Како се нарекува таа појава?

Истражете дали и кои животни, птици и инсекти имаат можност да гледаат во боја, а кои не можат?

**ТВОРИМЕ на тема**

Свет во боја, свет во црно-бело



Шумата Ома во Баскија, Шпанија (уметничка инсталација)

**Над 7000 Британци сè уште гледаат на црно-бел телевизор**

14.11.2018

Подготвил: Билјана Арсовска

Лектор: Ивана Кузманоска

Во повеќе од 7.000 домаќинства во Велика Британија сè уште се гледа телевизија на црно-бели телевизори.

Оваа статистика малку зачудува, имајќи предвид дека помина половина век откако редовно почна да се прикажува програма во боја.

Втората програма на Би-би-си беше првиот канал кој во 1967 година редовно почна да емитува програма во боја, а тоа се случи за време на турнирот во тенис „Вимблдон" таа година.

На почетокот од овој век во Британија биле регистрирани околу 212.000 црно-бели телевизори, што може да се заклучи од плаќањето на радио-телевизиската претплата. Во 2018 година бројот се намали на 7.161, а најголем број од нив се во Лондон (1.768).

Инаку, претплатата за црно-белите телевизори е поевтина од редовната, па за црно-бел телевизор е 50,50 фунти годишно, додека редовната е 150,50 фунти.

Но, не се вршат проверки дали некој навистина има црно-бел телевизор, туку се верува на зборот на корисниците.

Одамна е невозможно да се купи црно-бел телевизор, но носталгичарите сè уште тргуваат со нив, главно преку интернет.

Извор: https://www.fakulteti.mk/news/14112018/nad-7-000-britanci-se-ushte-gledaat-na-crno-bel-televizor

**РАЗГОВАРАМЕ**

Издвој ги следните информации од текстот: каде се гледа телевизиска програма на црно-бел телевизор; колкав е бројот на таквите гледачи; од каде и како можат да се проверат податоците за таквата гледаност.

Наведи ја причината поради која Британците гледаат на црно-бели телевизори?

Од кога се гледа телевизија во боја, според овој напис?

Дали денес се користат вакви телевизори кај нас, дали си видел во својата околина? Раскажи доколку си имал такво искуство.



Преземено од https://www.cnbc.com/2018/11/15/black-and-white-tv-is-not-completely-out-of-style-in-the-uk.html на 3.8.2023 г.

## МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

## НОВИНАРСТВО, НОВИНАРИ, ВЕСТИ

Ако го побараме во речник поимот новинарство, ќе прочитаме дека под него се подразбира литературно-публицистичка дејност во средствата за масовна комуникација (во дневниот и периодичниот печат, радиото и телевизијата). На оваа дефиниција денес треба да ги додадеме и дигиталните медиуми бидејќи ерата на интернетот го овозможи токму тоа, дигитализација на сите видови медиуми. Со други зборови, сега сите медиуми можат и работат преку компјутер и можат да бидат следени од новите технички уреди.

Секојдневно гледаме и слушаме информации, реклами, објави, најави, видеа.

Да се запрашаме, што ние читаме, слушаме, гледаме и што воопшто следиме во текот на денот на нашиот телефон или, пак, на нашиот ТВ-приемник, радио, лаптоп? И како тие информации стигнуваат до нас?



**Новинарите се луѓето кои нè информираат за настани, ситуации, состојби**.

Но понекогаш секој од нас знае да постави или сподели информација, објава, видео, апел...

Новинарството не е индивидуална работа, тоа е колективна дејност затоа што вклучува повеќе луѓе во подготовката на еден производ односно информација (следење на информацијата, пишување/снимање, земање изјава, подготовка на текст/снимка, уредување). Во современото општество новинарството зазема широк простор и навлегува во секоја пора на современата општествена практика, од земјоделството до филозофијата.

Како новинарот доаѓа до информацијата и како ја подготвува и споделува со сите нас?

## ВИДОВИ ИНФОРМАТИВНИ ТЕКСТОВИ

## ВЕСТ

Каков вид информации нѐ интересираат? Видеа, анимации, игри, вести...
Дали сите информации до кои доаѓаме се исти?

Ако погледнеме на ТВ некоја емисија за лалињата во Холандија и нивното прерано цветање оваа година, каква информација би била таа? Или информација за утрешната премиера на најновиот филм на режисерот...?

Ако прочитаме некој текст за тоа колку е добро да купиме некој производ: облека, прибор, лек, обувки, ИТ опрема и слично, каква информација е тоа?

Кога читаме некој текст во кој има крстозбор, хороскоп, читаме шеги и слично, каков тип на текст е тоа, какви информации се следат од таков вид текст?

**Новинарските текстови можат да нѐ информираат, да нѐ забавуваат, да нѐ уверуваат во нешто.**

Да се задржиме на новинарските текстови кои нѐ информираат. Кога се информираме, текстовите што ги читаме се вести и тие треба да имаат информации за следните прашања:
**Што (се случило)?**
**Кој (учествувал)?**
**Каде (се случил настанот)?**
**Кога (се случил настанот – час, датум)?**
**Зошто (се случило тоа)?**
**Како (се случил настанот)?**
Најважното нешто во новинарството е следење на патот на вистината, фактите и тежнеење кон објективност.
Дали знаеш што значи да се биде објективен?

Да се биде **објективен** значи да се размислува, делува и информира независно, без заземање страна за што и да се информира.

Објективноста и непристрасноста се главни начела во информирањето. На пример, кога двајца во одделението ќе се скараат и класниот раководител ќе го повика само едниот, дали е тоа во ред? Зошто не е во ред? А ако ги повика двајцата или повеќемината учесници? Што ќе се случи тогаш? Класниот раководител ќе добие информација за двете страни на приказната за да може да ги информира родителите да се преземат мерки за решавање на проблемот.

Да запомниме дека за новинарите е особено важно да бидат објективни и независни затоа што само така можат да бидат општествено корисни. Тие, новинарите, како поединци во медиумите како организации, собираат, обработуваат и пласираат информации кои служат за доброто на граѓаните и на општеството.

Ако новинарот е објективен, тогаш треба да се држи до фактите. Секоја вест треба да се држи до фактите и да одговори на прашањата што ги набројавме: кој, што, кога, каде, како и зошто. Во една вест нема место за личните мислења на оние кои ја пренесуваат.

## ФАКТ И МИСЛЕЊЕ

Што е факт, а што е мислење?

Одреди ги исказите како мислења и факти според сопственото размислување:

- Чоколадните торти се најубави за послужување на роденден.
- Првото чоколадо е произведено во фирмата „Фрај енд санс“ (Fry and Sons) во Бристол, Англија, во 1847 година.
- Трчањето маратон е заморно и исцрпувачки.
- Должината на патеката за маратон е 42 километри.

**Факт** е нешто што е вистинито и може да се докаже и поткрепи со податоци.

**Мислење** е нешто засновано на лични уверувања и чувства.

Во следните текстови пронајдете ги фактите и мислењата. Дајте го својот коментар за начинот на кој се претставени овие информации.

**Дизајнирани се џиновски пловечки острови кои би можеле да го исчистат отпадокот во Тихиот Океан!**

Датум: 15 фев. 2023  Автор: Кристина Стаменова

Голем остров со ѓубре се наоѓа во Тихиот Океан во регионот помеѓу Калифорнија и Хаваите. Зазема површина од 1,6 милиони квадратни километри и содржи повеќе од 79.000 тони фрлена пластика.



Овој остров на ѓубре не само што ја загрозува животната средина туку и значително го уништува екосистемот и е причина за голем број смртни случаи кај китовите, делфините, морските птици и другите животни кои живеат во оваа област. Не е изненадување што чистењето на ова монументално парче ѓубре во Тихиот Океан се смета за апсолутен императив.

Како да се реши овој проблем? Архитектите Хуан Мануел Прието и Клара Фокача од аргентинската компанија Estudio Focaccia Prieto во соработка со уметникот Макси Араја го дизајнирале „Полимерополис“ – серија џиновски пловечки острови кои го чистат океанот.

Овие пловечки острови би биле опкружени со мрежа поврзана со систем за филтрирање на водата кој би ја прочистувал и би собирал микропластика. Дополнително, пластиката од овој отпад би можела да се искористи како компонента за производство на рециклиран градежен материјал.

Полимерополис би го користел и движењето на плимата за да генерира чиста електрична енергија. Згора на тоа, затворените лагуни би произведувале храна за да ги нахранат жителите на овие пловечки острови. Во секој од овие градови би живееле приближно 4000 луѓе, а би се обезбедило и место за рекреација и забава.

Извор: punkufer.dnevnik.hr

https://www.kafepauza.mk/art-i-dizajn/dizajnirani-se-dzhinovski-plovechki-ostrovi-koi-bi-mozhele-da-go-ischistat-otpadokot-vo-tihiot-okean/ преземено на 9.8.2023

## ПЛИВАЊЕ

Македонскиот истакнат пливачки маратонец Евгениј Поп Ацев, член на клубот Вардар 2018, триумфира на 44-то издание на малиот пливачки маратон „Илинденски куп“, кој се одржа во Охридско Езеро во организација на клубот за спортови на вода „Охридски бранови 2008“.
Во конкуренција на 50 натпреварувачи од земјава и од странство, Поп Ацев ја мина патеката во должина од 2,5 км од Горица до Охрид за време од 29:02:71 минути, втор беше неговиот клупски колега Никола Ѓуретановиќ (29:02:98), додека трет низ целта мина Кристијан Стојановски (29:23:46).
Во женска конкуренција најбрза беше шеснаесетгодишната Ивана Неделковска (31:33:80), пред Јована Неделковска (33:07:11) и Росана Гошева (37:59:32), сите три од ПК Скопје.
Во конкуренцијата пливачи од генерацијата 2008 и помлади доминираа плвачките клубови од Скопје. Кај момчињата победи Петар Цеков од ПК Вардар 2018 (29:40:65), а кај девојчињата Сара Јанковиќ од ПК Скопје (32:42:39).   Г.И.
https://novamakedonija.com.mk/sport/sportovi/evgenij-pop-acev-najbrz-na-ilindenskiot-kup/

# КОМАРЕЦ НА ТРИНАЕСЕТТИОТ КАТ

Јеје тукушто се всели во нов дом со своите родители. Таа често ја селеше својата куќичка, но куќичката беше направена од коцки, па беше лесно да се пренесе од едно место на друго. На крајот на краиштата, таа секогаш ги ставаше своите коцки во дрвена кутија, која ги содржеше сите нејзини соништа. Таа кутија беше полна со секакви работи.

Нејзината нова куќа беше на тринаесеттиот кат. Имаше лифт, така што беше мошне удобно. Ако погледнеш од прозорецот надолу, велосипедите изгледаа како детски велосипетчиња, а возрасните како деца. Еден бел гулаб, кој мавташе со крилјата и гугаше, прелета токму под нејзините нозе, како да беше љубоморен на девојчето што стоеше среде облаците.

Таа претходно живееше во мал, леплив, темен бунгалов. Кога врнеше, дождовните капки се пробиваа низ покривот и паѓаа директно на дланките на Јеје. Лесно можеа да се најдат бели печурки во аглите на собата. Но, тоа не беше толку страшно. Неа најмногу ја нервираа комарците. Тие ќе се мушнеа во куќата и ѝ ја цицаа крвта со нивните остри боцки, оставајќи ја да се чеша до разранување на боцнатите места.

Сега беше многу подобро. Ниту на гулабите не им беше лесно да летаат до тринаесеттиот кат, не пак на малите комарци.

Но, таа сфати дека подранила со радувањето.

И покрај вратата со заштитна мрежа во нејзиниот прекрасен нов дом, сепак еден неканет гостин некако успеал да се провне и таа можеше да зуе околу неа цела ноќ. Утрото Јеје на своите мали рачиња виде црвени каснатини.

„Си мислев дека над петтиот кат нема комарци“, рече Јеје. Нејзината мајка се почеша по главата, не знаејќи што да ѝ одговори.

„Можеби се скрил помеѓу алиштата кога се селевме“, претпостави таа.

„Можно ли е да летал до петтиот кат во текот на еден ден, па по два дена до десеттиот, па уште по два дена до тринаесеттиот кат?“ – храбро претпостави Јеје.

Јеје не знаеше кој е во право, но сметаше дека нејзината претпоставка се чини разумна. Комарците се многу итри и способни да се сетат на ваква генијална идеја.

Таа сакаше да го праша комарецот како успеал да лета до тринаесеттиот кат. Меѓутоа, откако мајка ѝ ја испрска собата со спреј против бубачки, веќе немаше досадни посетители.

Не би требало да има комарци на тринаесеттиот кат, зар не?

Извадок од *Персискиот мачор Пек* од Гао Хонгбо



**Разговараме**

Каква промена доживува Јеје? Каде живее и каде се преселува? Кој е нејзиниот прв домашен непријател? Како се справува со тоа? Дали некој сочувствува со неа?

Пронајди ги сите зборови од текстот кои зборуваат за Јеје.

**Тема за дискусија**

Дали сите домови имаат исти услови за живот, дали сите домови имаат исти удобности?

## ЗАСТАНИ НА НЕБОТО

Немаше ни трага ни глас од коњот на Серик.

Ајсулу и брат ѝ Серик го бараа речиси два часа. Ги следеа сите патчиња и козји патеки, бараа траги во песокот и острите камења.

„Па“, рече Серик. „Тоа е тоа. Дулат ќе ме убие. Ќе умрам.“

Ајсулу го прегрна брата си. „Мислиш дека тоа е лошо? Јас ќе морам да *везам*.“

Стоеја заедно на една шкрилеста карпа, на која се имаа искачено за подобар видик. Над нив, небото беше високо и огромно и ведро, ишарано со птици. Под нив се простираше планината, безмилосна и пуста, со боја на лисица. Горе ја гледаа снежната граница, а долу електричниот вод и патот. Можеа да ги видат стадата кози и долината со трите јурти, шатор-куќите во кои живееше нивното пошироко семејство. Тоа што не можеа да го видат беше каква било трага од глупавите коњи што беа заталкале, додека нивните јавачи дремеа на сонцето.

И кашата во којашто ќе се најдеа сѐ помалку им беше смешна. Ајсулу полнеше вода, кога Серик дотрча по помош. Полнењето вода беше нејзина задача зашто беше девојче. Толку многу пати ги имаше носено ведрата по планината, што металните рачки ѝ имаа оставено жолтеникави линии по средината на прстите.

Во моментов, Ајсулу требаше да ја однесе таа вода до дома. Требаше да го изврши утринското молзење на јаковите. Требаше млекото од нив да го измати во путер. Немаше шанса нејзиното отсуство да остане незабележано. Мајка им, Ризагул, веројатно веќе го планираше новиот вез што Ајсулу ќе требаше да го почне кога ќе се врати. Ризагул не пропушташе шанса да ја подучи Ајсулу за женски работи. На Ајсулу не ѝ пречеа женски работи, но имаше и други интереси: грижа за соларните панели што ги снабдуваа со електрична енергија и нивното радио, учење математика и јавање со голема брзина и раце раширени како крилја. Во земја каде што девојчињата треба да имаат срце од млеко, Ајсулу имаше срце од небо.

А кога сме кај Серик… Ајсулу можеби ја чекаше везење, но Серик можеби ќе добиеше плескање со ремен. На четиринаесет години веќе беше престар за тепање, но ако го загубеше коњот, чичко му Дулат веројатно ќе направеше исклучок.

На врвот на шкрилестата карпа, Серик стоеше со главата зафрлена наназад. Гледаше како кружат птиците над нив. Беа огромни и црни на небото, пар златни орли. Ајсулу добро ги познаваше. Ги гледаше цела година, како влетуваат и излетуваат од одредена спила високо на планината. Долго време имаше само еден орел – таткото, но сега повторно беа два. Тоа значеше дека сигурно им се испилиле јајцата.

Гледаше како Серик ги гледа птиците. Со брат ѝ Серик беа речиси како близнаци во ликот: истата месечева тркалезност, истите очи како сончева светлина низ прав, истите образи огрубени од ветер, црвени како зрело јаболко. Во текот на изминатата година, Серик нагло порасна, стана повисок и почуден, додека Ајсулу остана ситна за своите дванаесет години, иако беше многу жилава и силна, со чекор вешт како на мачка. Но, како помали беа неразделни како кутриња. Дури и сега, на возраст кога девојчињата и момчињата се делеа, тие цврсто се држеа еден за друг.

Само што… Серик ги гледаше орлите со поглед што таа не го разбираше, со еден копнеж толку силен речиси како болка или страв. Со едната рака цврсто се држеше за ногата, веднаш над коленото.

„Еј!“ Ајсулу го буцна. „Загубен коњ? Да не заборави?“

Серик се сепна. „Силен Ветер!“, викна тој.

Немаше обичај меѓу нивниот народ – Казаците од западна Монголија – да им се даваат имиња на животни, но децата секако го правеа тоа. Серик рече дека сака да го вика својот коњ Силен Ветер, затоа што бил многу брз. Ајсулу се согласи за името затоа што, рече таа, коњот имал склоност и кон прдење.

Серик ги склопи дланките за да создаде мегафон. „Силен Ветер!“

Само обичниот ветер му одговори. Сонцето беше топло, но воздухот полека стануваше студен.

Серик ги спушти рацете. „И, што сега?“

„Не знам“, рече Ајсулу. „Можеби би можеле да му го следиме мирисот?“

„Замолчи", братски возврати Серик. Потоа воздивна. Фаќајќи се за рака, се спуштија надолу по шкрилестата карпа. Долу, Ајсулу го истресе правот од палтото. Палтото беше стариот шапан од брат ѝ, долго до колена и направено од сомот. Беше црно кога го носеше Серик, но сега беше толку избледено, што личеше на стара училишна табла ишарана со траги од сунѓер. Скудните парчиња вез околу околувратникот беа излитени, а ветерот ги беше заплеткал златните нишки во нејзината црна коса.

„Твојот коњ", рече таа, помагајќи му на Серик да се спушти наземи, „е глупав како две вреќи камења и руски турист." Си го збрчка носот и ги пикна пуштените прамени коса зад ушите. И покрај бескрајните прекори на мајка ѝ, Ајсулу никогаш не успеваше да ја задржи косата уредно сплетена. „Што правиме сега?"

„Да провериме на ливадата." Серик се издиша. Под тексас-јакната носеше блуза со Мики Маус. Мики се смешкаше. „Но… тајфата беше таму. Веројатно ќе ги сретнеме."

Мислеше на татко им и нивните чичковци.

Мислеше на нивниот најстар чичко, Дулат, оној со празните очи.

Серик полека го губеше здивот. Си ги забриша рацете од фармерките. Додека го правеше тоа, Ајсулу забележа нешто. Имаше место на ногата, местото што го стискаше, што кога го допре, се штрекна од сопствениот допир, како коњ со повредена уста што се штрека на повлечени узди. Додека го гледаше, тој повторно се стисна, обидувајќи се да ја одреди болката на начин што само луѓето го правеа.

Го имаше видено да го прави истото и претходно. Беше забележала благо поткривнување што почнуваше да го менува Серик, да го смрачува. Не веруваше дека некој друг го имаше забележано. Серик го криеше, а таа не го обвинуваше. Живееја во сурова средина. Коза што кривеше можеше да заврши само во казан.

Серик забележа дека Ајсулу го гледа и ја пушти ногата. Си ја намести тубетејката и се протри по челото. „Слушај, Ајш, не мораш да доаѓаш. Можам и сам."

„Серкен, не биди глупав.“ Тој ѝ се обрати со прекарот од детството, па таа му возврати со неговиот, иако веќе речиси го беше надраснал. Беа на раб на нешто, на некаква голема промена. За момент само се гледаа. „Ќе одиме заедно. Важи?“ Му понуди тупаница.

Тој најпрвин се колебаше, па ѝ возврати со тупаница. „Важи.“

Ајсулу свирна и нејзината кобила, Месечева Дамка, дотрча каскајќи. „Гледаш?“ му се исклешти на Серик. „Можеш да ги научиш да доаѓаат на повик!“

„Молчи ајде“, ѝ возврати тој, плеснувајќи ја по рака.

И таа го плесна, затоа што го сакаше и затоа што ѝ беше брат.

Потоа одјаваа заедно, кон ливадата, под ведрото небо.

**Извадок од романот *Застани на небото* од Ерин Боу**

Превод од англиски јазик: Диана Николовска

Извор:
https://espisaniecudnasuma.wordpress.com/2022/12/18/%d0%b7%d0%b0%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bd%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%bd%d0%b5%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%be/

## Разговараме

Каде живеат Серик и Ајсулу? Каков е животот што го живеат? Пронајди ги описите и коментарите од страна на раскажувачот за ликовите. Што сака Ајсулу? Како ја третираат дома? Кој има предност дома, според текстот? Каква релација имаат изградено братот и сестрата? Што се случува во конкретниот настан прикажан во текстот? Како завршува?

Пронајдете описи во текстот кои се однесуваат на условите во кои опстануваат двата лика од текстот.

## Тема за дискусија

*И кашата во којашто ќе се најдеа сè помалку им беше смешна. Ајсулу полнеше вода, кога Серик дотрча по помош. Полнењето вода беше нејзина задача **зашто беше девојче**. Толку многу пати*

*ги имаше носено ведрата по планината, што металните рачки ѝ имаа оставено жолтеникави линии по средината на прстите.*

*Во моментов, Ајсулу требаше да ја однесе таа вода до дома. Требаше да го изврши утринското молзење на јаковите. Требаше млекото од нив да го измати во путер. Немаше шанса нејзиното отсуство да остане незабележано. Мајка им, Ризагул, веројатно веќе го планираше новиот вез што Ајсулу ќе требаше да го почне кога ќе се врати. Ризагул не пропушташе шанса да ја подучи Ајсулу* ***за женски работи****. На Ајсулу не ѝ пречеа женски работи, но имаше и други интереси: грижа за соларните панели што ги снабдуваа со електрична енергија и нивното радио, учење математика и јавање со голема брзина и раце раширени како крилја.* ***Во земја каде што девојчињата треба да имаат срце од млеко, Ајсулу имаше срце од небо.***

Цитатот и потемнетите букви нека бидат почеток на дискусијата за женските и машките работи. Дали на Ајсулу ѝ се одзема нешто на сметка на тоа што е девојче?

Своите размислувања споделете ги во одделението и дискутирајте аргументирано.



Преземено од https://www.telegraph.co.uk/films/2016/12/03/star-wars-eagle-huntress-mongolia/ на 1.8.2023 г.

## ПАТ НА МАРС

Спуштањето на роботот Кјуриосити на Марс во август 2012 година е најголемото човечко достигнување во историјата на вселенските истражувања. Агенцијата НАСА го испрати Кјуриосити на двегодишна мисија во потрага по докази дека на црвената планета некогаш постоеле услови за живот, но и да проверат дали има услови за да се испратат космонаути на Марс.

Во овој текст ќе се обидеме да изнесеме што повеќе детали за роботот Ровер.

На почеток, голем е колку автомобил и тежок речиси еден тон. Снабден е со уреди за научно истражување, камери и метеоролошки уреди. Има роботска рака со бушилка, ласер кој може да крши камења, хемиска лабораторија која бара елементи неопходни за живот и детектор за мерење на радијацијата.

Цел на Кјуриосити е да најде основни елементи кои се неопходни за живот: јаглен, азот, фосфор, сулфур и кислород затоа што следниот чекор е испраќање луѓе на Марс.

Извор: „Детска планета“, број 4/2013

**Разговараме**

Набројте ги сите факти од текстот преземен од детското списание „Детска планета“!



## КРАЛОТ РУЖА И КРАЛИЦАТА ТРН



Илустрација: Наташа Костовска

Кралот Ружа беше горд на својата убавина. Кога чекореше низ градините, тоа го правеше толку достоинствено што и тивкиот развигор запираше со дувањето за да може да ѝ се одушевува на неговата елеганција. Убавата миризба што се ширеше околу кралот Ружа ги омајуваше другите растенија наоколу и тие за миг, но само за миг, забораваа дека треба да растат.

Најмногу од сите, кралицата Трн го сакаше кралот Ружа. Убава кралица со безброј трнчиња што беа многу боцкави.

Кралот Ружа беше сосема рамнодушен на нејзините чувства, иако секогаш кога поминуваше покрај неа, таа, за да го привлече неговото внимание, цутеше во своите најубави лилави нијанси. Но, тоа беше залудно. Кралот Ружа и не помислуваше да застане, продолжуваше со својата прошетка придружуван од своите два пажа кои внимаваа на него.

Кралицата Трн многу страдаше поради тоа. Една вечер, додека кралот Ружа спиеше, таа успеа да ја заобиколи неговата стража што дење-ноќе го чуваше и да му се доближи. Восхитена од убавината, таа гледаше во неговото лице осветлено од сребрените зраци на полната месечина.

Но, во тој момент кралот Ружа, веројатно вознемирен од лошиот сон, скокна и се исправи во постелата. Не сакајќи, кралицата Трн го избоцка со своите трнчиња и уплашена да не биде откриена, незабележано успеа да се повлече во темната закрила на ноќта. Кралот Ружа зачудено гледаше во капките крв што се појавија на неговото нежно тело. Никогаш во својот живот немаше доживеано вакво нешто. Капките полека почнуваа да се згрутчуваат и тоа во форма на трнчиња. Кралот се обиде да ги отстрани, но не успеа, сите капки се престорија во остри кафени трнчиња.

Оттогаш кралот Ружа ги има трнчињата на своето тело. Тие воопшто не ја намалија неговата убавина, и не само тоа, го бранеа од секаков вид натрапници. Малите трнчиња беа подарок од кралицата Трн, кој ниту таа сакаше да го даде ниту пак кралот Ружа сакаше да го прими.

Но, оттогаш, од таа невозвратена љубов, сите ружи имаат трнчиња на своите гранчиња кои ги бранат од натрапници. Особено од оние што сакаат да им се приближат ноќе, кога тие спијат, мирно и достоинствено, како и сите други ружи, кралици на цвеќињата.

Ванчо Полазаревски

Извор: https://cudnasuma.com/2020/07/29/%d0%ba%d1%80%d0%b0%d0%bb%d0%be%d1%82-%d1%80%d1%83%d0%b6%d0%b0-%d0%b8-%d0%ba%d1%80%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d1%86%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d1%82%d1%80%d0%bd/ преземено на 1.8.2023

**Разговараме**

Кралицата Трн и Кралот Ружа не живеат во љубов. Кој покажува *боцки* во релацијата, трнот или ружата? Како се однесува кралот Ружа? Напишете по една клучна особина за секој од двата лика и споредете ги ликовите.

Пронајдете цитати, реченици во текстот со кои ќе ги докажете споредбите.

Како завршува текстот? Прочитајте го последниот дел. Која порака може да ја согледате од овој последен дел од текстот, а се однесува на целиот текст?

**ВЕЖБА** Прераскажете го текстот почитувајќи го редоследот на настаните.

**Истражуваме**

Каков вид цвеќе е ружата (розата)?

Каде расте и во какви услови?

Колку вида ружи постојат?

Колку и какви ружи растат кај нас во Македонија?

Откако ќе го напишеш текстот прикажи од каде се земени податоците. Може да користиш и други форми освен наративните, како на пример, дијаграми или пити.



Пештани на зајдисонце; Фото: Ристе Спироски

**Преземено од** https://novamakedonija.com.mk/featured/zajdisonce-od-peshtani-na-riste-spiroski-fotografija-na-nedelata/ на 25.7.2023

**ТВОРЕЊЕ**

Фотографијата, која е дел од редовна рубрика за избор на фотографија на неделата, е фотозапис од јули 2023 година. Нека ти послужи како поттик за опис на пејзаж.

# СИНТАКСА

Терминот **синтакса** е од грчко потекло и значи „составување, средување, редење“ (на зборовите). Синтаксата е дел од граматиката што ја проучува способноста на зборовите да се поврзуваат меѓу себе и да формираат целини. Најмала единица во синтаксата е **именската група**, потоа е **реченицата** (проста), а поголема е **сложената реченица**. Сите нив ги среќаваме во **врзан текст**.

## Поим за реченица

Основна единица на синтаксата е **реченицата.**

**Читам, пишувам и учам**



Прочитај ги зборовите едноподруго, како што се напишани.

**портокал пие утро Горан секое сок од**

Дали има некаква смисла она што го прочита? Дали со овие зборови е пренесена информација? Сега обиди се да ги наредиш зборовите за да добиеш исказ што ќе има смисла.

**Секое утро Горан пие сок од портокал.**

Овојпат зборовите се подредени според синтаксичката шема на нашиот јазик (во точен редослед). Овој исказ има смисла и се нарекува реченица. Секоја реченица содржи прирок, односно глагол во личноглаголска форма. Кој збор е прирок во реченицата? Прочитајте ја реченицата, но притоа прескокнете го зборот „пие“. Дали без него е јасно изразена мислата? Можеби Горан секое утро купува или бара сок од портокал. Но, и формата „пие“ самостојно не

може да образува реченица. Потребни се информации за тоа КОЈ пие, ШТО пие, КОГА пие. Затоа велиме дека реченицата е основна единица во процесот на јазичната комуникација.

- Реченицата има своја **ГРАМАТИЧКА СТРУКТУРА,** што значи дека има свои членови. Главни реченични членови прирокот и подметот, а покрај нив може да се јават и други, подредени според синтаксичката шема на јазикот. Тоа значи дека зборовите во реченицата треба да ги подредуваме по точниот редослед, како во примерот погоре. Подетално за граматичката структура на реченицата ќе учиме на следните часови.
- Со секоја реченица предаваме или примаме одредена информација, што значи дека таа има своја **СОДРЖИНА** (значење).

**Реченицата** е основната синтаксичка единица која содржи глагол во личноглаголска форма и други реченични членови, подредени според синтаксичката шема на јазикот. Реченицата има и своја содржина, односно со неа се предава одредена информација.

**Предлог-активности**



Поделете се во двојки. Секој пар ќе добие ливчиња хартија на кои има напишано по еден збор. Треба да ги споите парчињата хартија на тој начин што правилно ќе конструирате реченица која ќе претставува една смислена јазична целина составена од нејзините основни елементи. Потоа ги читате и запишувате речениците на таблата, истакнувајќи ја нивната граматичка структура (составните елементи) и нејзината содржина (значење).

## РЕЧЕНИЧНА ИНТОНАЦИЈА

Реченицата има своја **ИНТОНАЦИЈА** со којашто се одделува од другите делови на текстот, од другите реченици. Под интонација се подразбира збир од елементи со кои се изразува мелодика, ритам, темпо и боја на еден исказ.

Интонацијата може да биде: **расказна**, **прашална** и **извична**.

Интонацијата е многу важна и го менува значењето на реченицата. Истата реченица изговорена со различна интонација добива различна смисла.

Пример:

Дедо спие. – соопштуваме (расказна интонација)

Дедо спие? – прашуваме (прашална интонација)

Дедо спие! – се чудиме или негодуваме (извична интонација)

(*Спие, а требаше да одиме в парк!*)

Треба да знаеме правилно да интонираме за да можеме соодветно да ги изразиме своите мисли, чувства и намери. Тоа особено доаѓа до израз во поезијата и во театарот, но и во секојдневниот живот. Со вежбање, секој може да ја развие таа вештина.

## МОДАЛНОСТ НА РЕЧЕНИЦАТА

**Модалност на реченицата** – со неа се изразува ставот на говорителот кон тоа што го соопштува, односно кон целта што си ја поставил при општењето.

Во зависност од тоа дали тој сака само да соопшти нешто, или да праша или, пак, да изрази желба или заповед да се изврши дејството, реченицата ги делиме на:

- Расказни
- Желбени
- Заповедни
- Прашални

**1. Расказни реченици** – со нив се соопштува за настани и дејства во минатото, сегашноста или во иднината. На крајот на реченицата пишуваме **точка (.)**, а при зборувањето, почнуваме ниско, постепено го подигнуваме тонот и на крајот го спуштаме.

Примери:

Ја прочитав лектирата. 

Децата играат фудбал на игралиштето.

Утре ќе ја посетам баба ми.

**2. Желбени реченици** – со нив говорителот ги искажува своите желби и потреби, своите чувства, како радост, тага, страв, збунетост.

Примери:

Сакам да одам во Охрид!

Колку би сакала и јас да танцувам!

**3. Заповедни реченици** – со нив се изразува заинтересираноста на говорителот за вршењето на дејството. Тој го поттикнува соговорникот да го изврши или да не го изврши дејството.

Примери:

Влезете во училницата!

Врати ми ја тетратката!

Не грижете се!

Желбените и заповедните реченици ги изговараме со еден вид извична интонација и на нивниот крај пишуваме **извичник (!)**.

**4. Прашални реченици** – ги употребуваме кога нешто не ни е познато, а мислиме дека соговорникот го знае одговорот.

Пример: Кога ќе одиме на екскурзија?

Ги изговараме со нагорна интонација која почнува ниско, се крева и не се спушта (  ). На крајот на прашалните реченици го пишуваме знакот **прашалник (?).**

Прашањата ги делиме на три групи:

А) Прашања што добиваат одговор **ДА** или **НЕ**. Ги образуваме со:

а) прашалните зборови: **дали**, **зарем**, **нели**, **ли**

**Дали** е тоа праведно?

Би можела **ли** да дојдеш порано?

**Зарем** ти не се викаш Сашо?

Тие се вратија вчера, **нели**?

б) со **прашална интонација**

Надвор врне?

Б) Прашања што ги содржат прашалните зборови **што**, **кој**, **кого**, **како**, **какво**, **колку**. На ваквите прашања се очекува целосен одговор.

**Што** пишува таму?

**Кој** е авторот на книгата „Големи и мали"?

**Каде** живее Хајди?

**Како** се викаш? **Колку** години имаш? **Каков** сок сакаш?

В) Прашања со **ИЛИ** каде што има избор од две нешта.

Ќе одиме на кино **или** ќе гледаме филм дома?

Ќе дојдеш **или** нема да дојдеш?

Сите реченици можеме да ги поделиме на **потврдни** и **одречни**.

Во градината растат рози. Во езерата нема делфини.

Зборувај погласно! Не зборувај тивко!

**Предлог-активности**



**Активност**: Поделете се во четири групи и секоја група нека извлече по еден лист хартија од кутија или од торбичка. На листовите има напишано: раскажи, желба, прашај, заповедај. Во зависност од зборот што ќе го извлечете, треба да составите по три реченици преку кои ќе го изразите ставот на говорителот. (На пример: Вчера бев во Битола. Сакам сладолед. Каде одиш? Купи ми чоколадо!) Прочитајте ги речениците внимавајќи на интонацијата. Дискутирајте за тоа каков став се изразува и што означуваат.

# ПРАВОПИС И ПРАВОПИСНИ ПРАВИЛА

**Правопис** е збир од правила за пишување во еден јазик. За правилно писмено изразување треба да ги знаеме и правилно да ги употребуваме правописните и интерпункциските знаци на јазикот.

**Интерпункциските знаци** се користат за да се означи почетокот и крајот на **реченицата**; границата и односите меѓу дел-речениците и меѓу реченичните членови; интонацијата, темпото и паузите при зборувањето. Некои од нив се користат и како правописни и како интерпункциски знаци, а некои се само интерпункциски.

**Правописните знаци**, пак, служат за правилно пишување на **конкретен збор** или **група зборови** во реченицата.

Пример: Јана живее на ул. „Климент Охридски“.

Првата точка (ул.) е правописен знак, а точката на крајот на реченицата е интерпункциски знак.






## УПОТРЕБА НА ИНТЕРПУНКЦИСКИТЕ ЗНАЦИ

Интерпункциски знаци

| | |
|---|---|
| точка (.), | три точки (...) |
| прашалник (?) | точка и запирка (;) |
| извичник (!) | загради – заоблени ( ) |
| запирка (,) | загради – квадратни [ ] |
| две точки (:) | црта (тире) (–), |
| наводници („ “) | полунаводници (’ ‘) и (‘ ’) |

Во продолжение ќе ги разгледаме правилата за употреба на неколку интерпункциски знаци.

**Точка (.)** се пишува:

- на крајот од расказните реченици (На пример: Вчера бевме на излет.) и
- на крајот од речениците со кои се искажува блага заповед (На пример: Зборувај потивко, те молам.).

Не се пишува по наслови, поднаслови, зададени теми и потписи.

**Прашалник (?)** употребуваме:

- на крајот од прашалната реченица (Го праша ли? Што сакаш за вечера?)
- на крај или во средина на реченица, по прашање преземено од директен говор (Го прашав: „Во кое училиште учиш?“, а тој не ми одговори.)
- во состав на реченица за да се изрази несигурност, сомневање, несогласување (Роденденската забава ќе биде утре (?) кај Елена.)

**Извичник (!)** се пишува:

- на крајот од извичните реченици, вклучувајќи ги заповедните и желбените;

На пример: Дојди ваму веднаш! Ајде да работиме!

- за изразување благослови и клетви;

На пример: Живи и здрави! За многу години! На здравје! Оган да ги изгори!

- по поздрави и зборови со значење на учтивост, љубезност, предупредување, погрдност;

На пример: Здраво! Добар ден! Мило ми е! Внимавај! Срамота!

- на крајот или во средина на реченица преземена во директен говор;

На пример: Во училницата се слушаше: „Фати го! Грабни го!“ и треснување на вратата на крајот.

- зад извици со кои се искажуваат разни чувства или служат за имитирање на звуци или животински гласови;

На пример: Оф!, Леле!, Муу!, Мјау!

**Повеќе од еден извичник (а најмногу три)** се употребуваат:

- за истакнување на значењето на извичната содржина;

На пример: Врати се, веднаш!!!

**Извичник со прашалник** се употребува:

- за да се означи чудење.

На пример: Навистина!? Што зборуваш!?

**Запирка (,)** се пишува:

- Кога во реченицата има набројување.

  На пр.: Доматите, пиперките, морковите и компирите беа скапи оваа година.

- Апозицијата се одделува со запирка.

  На пр.: Марија, мојата сестра, има долга коса.

- Извиците се одделуваат со запирка.

На пр.: Оф, нешто ме боцна!

- Вметнатите зборови и изрази се одделуваат со запирка.

  На пр.: Вие, се разбира, сте во право.

- Зборовите за обраќање се одделуваат со запирка.

  На пр.: Мамо, јас ќе си легнам.

- Запирка се става и пред зборовите: то ест, односно, и тоа, како и; а исто така и пред сврзниците: а, ама, но, туку.

  На пр.: Тој нема да дојде, т.е. не може да дојде.

Јас го направив тоа, а не ти.

- Потврдната честичка „да“ и одречната „не“, се одделуваат со запирка кога стојат на почетокот од реченицата.

  На пр.: Да, ќе дојдам. Не, не доаѓам.

**Две точки (:)** се употребуваат:

- пред набројување;

На пример: Утре треба да купам: млеко, леб, јогурт и овошје.

- при набројување во вертикална низа, кога пишуваме едно под друго;

На пример: Да не заборавам:

– да ѝ го честитам роденденот на Маја,

– да купам тетратка,

– да направам овошна салата.

- пред директен говор или цитат што се воведува со зборовите: рече, праша, вели, пишува, повторува, потсетува.

На пример: Томе рече: „Денес ќе си одиме порано“.

**Три точки (... )** се употребуваат:

- на крајот на незавршен исказ или во средината на реченицата ако се јавува прекин.

**Правописно правило:** Пред трите точки нема белина (празно место), односно се пишуваат веднаш зад последниот збор, а по нив има белина.

На пример: Таа долго гледаше во ѕвездите... Мислите ѝ летаа кон родниот крај.

- за означување застој во говорот или при испрекинато зборување;

На пример: До... до... добро.

- при пренесување делови од разговор (телефонски, електронски) за обележување застој и подолга пауза во исказот;

На пример: Добар ден… се јавувам во врска со наградната игра.

- за означување прекин на натамошно набројување;

На пример: Уживам во сонцето, планините, водите…

Во овој случај, наместо трите точки, може да употребиме зборови и кратенки, како: и така натаму (итн.), и слично (и сл.), и друго (и др.).

**Наводници („ “)**

Влезните наводници се пишуваат долу („) на почетокот, а излезните наводници се пишуваат горе (“) на крајот од исказот.

**Наводници се пишуваат:**

- во цитати, нечии искази, што се претставуваат директно, онака како што се кажани или напишани;

На пример: Тој рече: „Денеска се чувствувам добро“.

- кај зборови употребени со преносно значење, во спротивна смисла, во иронија;

На пример: Тој е многу „добар“. (лош)

- кај зборови што сакаме да ги нагласиме или изделиме;

На пример: Негацијата „не“ се пишува одвоено од глаголите.

- во наслови на книги, песни, раскази, весници, списанија; имиња на установи, претпријатија итн.

На пример: Песната „Убави зборови“ на Петар Петровски од ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ е објавена во списанието „Наш свет“.

**Наводници не се пишуваат:**

- при именувања на книги, наслови, весници и сл. кога се напишани на корицата, на плакати или на наслованата страница;
- кога ќе ги означиме на друг начин, со закосени, здебелени или подвлечени букви, насловите, и сите останати работи што ги ставаме во наводници.

На пример:

Песната **Убави зборови** е објавена во списанието **Наш свет**.

Песната *Убави зборо*ви е објавена во списанието *Наш свет.*

**Кога пред излезните наводници има некој друг интерпункциски знак** (точка, извичник, прашалник, три точки), се пишува прво тој знак, па потоа наводниците:

Без да помисли, таа им рече на девојките: „Тоа е, сега е моментот.“

Застана и гласно прозборе: „Дали ќе имам сила да ја издржам трката?“

**Запомни:** Кога пишуваме текст, треба да знаеме дека празно место (белина) се остава по секој интерпункциски знак, а не пред него.

Пр. Ана ,зборувај побавно ! Не те разбирам .

Ана, зборувај побавно! Не те разбирам.

**Предлог-активности**



**Активност 1:** Препишете го текстот притоа внимавајќи правилно да ги употребите интерпункциските знаци. Дали можете да препознаете од која книга е преземен овој извадок?

„Диме ги знае сите жители на улицата Караорманска И кој каде живее и кој како живее Обично еднаш дневно и тоа наутро Диме дома ќе направи некоја незгодна работа Мајка му ќе му се развика татко му ќе го натепа Тогаш во знак на протест Диме излегува пред куќата седнува на каменот ја налактува главата и нешто долго мисли мисли Колку долго Е тоа никој не може да каже бидејќи Диме стои така налактен додека не го штрекне некој глас

Малечок Караорманска

Да кој ви треба и Диме веднаш задоволно скокнува по навика ги стресува панталоните чука нога со нога и оди кај оној што прашува

Караорманска број 10 кажува човекот

Знам веднаш ќе ви покажам Вие сигурно го барате Теофил Мијакот

Што па ти го знаеш воодушевено викнува човекот

Него го барам ние со него сме роднини

Знам вели кусо Диме

А знаеш и дека сме роднини Многу умно дете А од каде знаеш човекот се радува

Во тој момент му ја зема торбата за да му ја носи го порамнува својот чекор со чекорот на човекот

Секогаш Диме кога носи некој човек до куќата што ја бара ако има багаж му го зема тој да го носи Постојано така“

**Активност 2:** Секоја група изработува стрип преку апликација достапна на интернет во кој ќе употреби дијалошка форма преку расказни, прашални, заповедни и желбени реченици. Темите може да бидат: „На ветеринар“, „Извинете, каде се наоѓа...“, „Случка во училницата“, „Мојот омилен рецепт“ итн. Внимавајте на правилната употреба на интерпункциските знаци. На следниот час заеднички ги презентирате стриповите и правите лектура* на речениците.



***Лектура** е читање и исправање јазични грешки, јазично уредување на авторски текст.



## УПОТРЕБА НА ГОЛЕМА ПОЧЕТНА БУКВА

**Предлог-активност**



**Активност**: Учениците се поделени во групи и секоја група треба да напише различни работи: (1) пет географски имиња (со еден и два збора во името) на континенти, држави, градови, океани, езера, реки, планини; (2) пет имиња на ученици во класот; (3) пет презимиња на наставници кои им предаваат; (4) пет прекари; (5) пет имиња на планети и галаксии; (6) пет наслови на омилени книги; (7) пет наставни предмети; (8) три називи на институции кои имаат повеќе зборови во називот. Групите ги запишуваат одговорите на табла и заеднички се дискутира за точноста на напишаното. Во дискусија се заклучува кога се користи голема буква при пишување на сопствените именки, особено кога имињата се составени од два збора.

**Со голема почетна буква** ги пишуваме:

- личните имиња, презимињата, фамилијарните имиња: Петар, Петровски
- присвојните придавки изведени од лични имиња и презимиња со наставките -ов, -ев и -ин: Рацинов, Езопов, Милкин
- прекарите, уметничките имиња: Рацин, Донатело, Еминем
- жителите на континенти, држави, региони: Европеец, Македонци, Малешевец, Балканец
- националната припадност, имињата на припадници на племиња: Македонец, Англичанец, Ирец, Полјак, Словени, Брсјаци, Горани
- митолошките суштества и божества: Перун, Зевс, Афродита, Минотаур, Кентаур, Бог, Алах, Буда
- уметничките ликови: Мики Маус, Супермен, Тарзан, Пипи Долгиот Чорап, Алиса, Хари Потер, Петар Пан, Грдото Пајче
- планетите и нивните сателити – Венера, Земја, Јупитер, Сонце, Уран.
  * Со мала почетна буква се пишуваат *земја, месечина, сонце* кога се општи именки. (пр. Надвор има сонце.)
- Празниците: Велигден, Бајрам, Божиќ, Нова година
  * Доколку името се состои од два или повеќе збора, само првиот збор се пишува со голема почетна буква (Осми март, Први мај итн.)
- * Ако празникот е напишан со број, тогаш зборот по бројот се пишува со голема буква. (На бројот не му се додаваат никакви додавки ниту точка.
  Погрешно: 8-ми, 11-ти, 1-ви и сл.)
  Правилно: 1 Мај, 8 Март, 24 Мај итн.)
- социјалните мрежи и компјутерските програми: Фејсбук, Твитер, Линкдин
- спортските натпреварувања и спортските клубови: Лига на шампиони, Светски куп, Премиер лига; Вардар, Металург, Црвена ѕвезда, Манчестер јунајтед
- институциите, улиците, кејовите, плоштадите, објектите, организациите, фестивалите, имињата на книгите, уметничките творби, весниците, списанијата, законите, називите на востанијата, војните, битките.
  На пример: Економски факултет, Драмски театар, Партизански одреди, Струшки вечери

на поезијата, Крпен живот, Т'га за југ, Медиум, Закон за работни односи, Разловечко востание, Втора светска војна.

## ПИШУВАЊЕ НА СЛОЖЕНИТЕ СОПСТВЕНИ ИМИЊА

### (СО ПОВЕЌЕ СОСТАВНИ ДЕЛОВИ)

**Сите зборови во составот на географските имиња се пишуваат со голема почетна буква.**

*** Ова важи само за географските имиња.**

**Во останатите сложени називи, само првиот збор се пишува со голема почетна буква.**

Пример:

- **Ш**ар **П**ланина, **Ц**рна **Р**ека, **С**оединети **А**мерикански **Д**ржави, **О**хридско **Е**зеро итн.
- **В**тора светска војна (може и: II светска војна), **М**инистерство за образование и наука, **М**есец на книгата, **О**пштинско основно училиште „Малина Попиванова“, „**Г**осподарот на прстените“, **А**јфелова кула, булевер „**П**артизански одреди“, **М**анчестер јунајтед, **Б**игорски манастир итн.

## УПОТРЕБА НА МАЛА ПОЧЕТНА БУКВА

**Со мала почетна буква** се пишуваат:

- имињата на месеците, деновите во неделата, годишните времиња.
  На пример: април, јануари, среда, сабота, лето, зима.
- жителите на населени места.
  На пример: скопјанец, битолчанец, крушевчанец, драчевец, оризарец. (**Е**вропеец - **М**акедонец – **с**копјанец – **о**ризарец)

- придавките изведени од географски поими.

  На пример: скопски, македонски, албански, вардарски, охридски, шарпланински, балкански. (охридска пастрамка – Охридско Езеро)

Шпанија - Шпанец - шпански

3 јануари, вторник, зима

8 Септември - Ден на независноста



## **„Белото циганче“** – Видое Подгорец







**Ликови:**

Таруно
баба Мулон
Рапуш
Насиха
Хенза
Демир
...

| | |
|---|---|
| **Видое Подгорец** (1934, с. Колешино, Струмичко – 1997, Скопје)  | „Детството е многу поширок поим. За него не може сè да се каже во пет реченици. Зашто, всушност, и никогаш не завршува. Кога ќе му минат годините, тоа продолжува во соништата... Затоа јас уште сум дете, или секогаш ќе настојувам да бидам поблиску до детството. Ако не со друго, тогаш со тоа што го пишувам“. („Незавршена приказна за Видое Подгорец“ – Киро Донев) |

Пред да почнете со анализа на лектирата, погледнете ја емисијата „ТВ лектира“ на YouTube бидејќи од неа ќе дознаете интересни факти изнесени директно од авторот на „Белото циганче“ - Видое Подгорец

https://www.youtube.com/watch?v=TjhepZLm8iA

- Литературен род и вид: епика; роман за деца
- Раскажувачот е во прво лице – Таруно ја раскажува својата приказна. Само на почетокот, многу накусо, се раскажува во 3. лице. Пронајди каде!
- Кога и каде се одвива дејството?

(Сети се што се случило со родителите на Таруно. За кој период станува збор? Размислете и истражете каде во Македонија се одгледува ориз, се спомнува и река...)

- На што го научил баба Мулон Таруно? Зошто го правел тоа? Дали Таруно ги слушал неговите совети?
- Што мисли баба Мулон за просењето?
- Каков однос има Таруно кон баба Мулон? Пронајди ги деловите во кои Таруно го кажува она што го мисли за баба Мулон.

Лектира што инспирира

*„Трчај дете, трчај и не колебај се. Во животот успеваат само оние што издржуваат, оние што веруваат и не се плашат од ништо, оние што одат докрај... Ти само трчај. Ако се умориш – ништо. Ќе имаш време да се одмораш. Ако нозете ти се раскрварат – ништо. Ќе имаш време да зарастат раните“.*




- Какви односи има Таруно кон другите членови на чергата со кои заедно патува и живее под отворено небо?
- Пронајди го делот каде што Таруно ги брани своите и правата на останатите деца од чергата – средбата со децата од селото. Чија е реката? Дали воопшто може да припаѓа некому? Кои карактерни особини ги откриваме кај Таруно од оваа негова постапка?
- Каков однос има Таруно кон природата? Во што можеме да го согледаме тоа? Што е за него животот под отворено небо? Дали Таруно има можност да се грижи за некое животно? На кој начин? Дали мислиш дека Таруно и Бреско имаат нешто заедничко? Ако мислиш дека имаат, што е тоа? Образложи го својот одговор.
- Кои се среќните, а кои се тажните денови на Таруно? Кои се причините и за среќата и за тагата?
- За што мечтае Таруно?
- Опиши го пријателството меѓу децата во романот. Како изгледа нивното дружење?
- Размисли што ти беше најнеобичното нешто во романот (настан, ситуација, лик...). Објасни зошто е тоа така за тебе.
- Со кој лик можеш да ги поврзеш следниве извадоци? Размисли и откриј какви пораки ни испраќаат.

„Добрите и храбрите луѓе секогаш ја постигнуваат својата цел во животот зашто за неа се борат истрајно  и чесно“.

„Секој човек има право на она што го заслужил. Ти не си го сеел и копал бостанот и затоа немаш право да се насладуваш на неговите плодови“.

# СОДРЖИНА

МОРФОЛОГИЈА……………………………………………………………….................. 1

Именки....…...................………………………………………………………….... 1

Родот кај именките…........................................................................................ 3

Бројот кај именките……………………………………………........................... 5

Видови множина…………………………………………………........................ 6

Определеноста кај именките.............................................................................. 8

Мит......................................................................................................................... 11

Митови за создавањето на светот................................................................... 11-12

Митот за Пандора ............................................................................................. 13

Сказна ................................................................................................................... 15

Реалистични приказни........................................................................................ 16

Горделивец – народна приказна........................................................................ 17

Кој го украде сеното, тој ја има мувата на капата........................................ 18

Златокоса.............................................................................................................. 20

Сказна за рибарот и рипката ............................................................................ 26

Бадникова вечер - Хуан Беиѓиа ........................................................................ 27

Снег – Блаже Конески......................................................................................... 30

Поштенското сандаче......................................................................................... 31

Петстотини писма .............................................................................................. 32

Извадок од романот *Тоње Глимердал* од Марија Пар ................................ 34

Невообичаена новогодишна елка ..................................................................... 36

# МОРФОЛОГИЈА

**Морфологијата** е дел од науката за јазикот. Таа ги проучува формите на *зборовите*, правилата за нивното образување и нивното граматичко значење.

## Предлог-активности



***Работа во групи/парови***. Секоја група добива наставен лист во кој има различни задачи: да се направи попис на сите *предмети во училницата*; да се набројат *имињата на предметите што се користат кога се подготвува храна*; список на *домашни и диви животни*; список на животни што се чуваат како *домашни миленичиња* и имињата на домашните миленичиња на учениците и на нивните другари и роднини; список на *добри и лоши особини* кај луѓето; список на *природните појави*; список на *различни чувства*.

Откако ќе ги завршите списоците, направете табела во која ќе определите кои од именките се: општи, а кои сопствени, кои се конкретни, а кои апстрактни, пронајдете ги збирните и материјалните. Некои од именките може да се најдат во неколку колони од табелата. Дискутирајте за тоа што е заедничко, а што посебно за општите и сопствените, конкретните и апстрактните, за збирните и материјалните именки. Секоја група ги презентира заклучоците пред паралелката.

## ИМЕНКИ

Именки се зборови што именуваат:

- суштества: *наставник, мачка*;
- предмети: *врата*, *молив*, *маса*, *книга*;
- појави и поими: *светлина*, *темнина, мисла, гордост*.

Именките се делат на **општи** и **сопствени**.

Со **општите** именки се именува:

**а)** Одделен вид предмети, суштества и појави, како и еден претставник на истиот вид. На пример, со зборот *учител* се означува секој учител воопшто, но и еден конкретен учител;

**б)** Множество од еднородни предмети што претставуваат целост, збир во кој не се изделува посебен предмет. На пример, *население*, *кадар*, *мебел*, *народ*, *членство*... Овие именки со еднинска форма означуваат множество и затоа се викаат **збирни** (колективни) именки.

Според тоа, *мебел* е општа и збирна именка.

**в)** Материјал, на пример: *вода*, *бакар*, *песок*, *шеќер. пластика, злато...*

Овие именки се викаат **материјални именки**.

Според тоа, *шеќер* е општа и материјална именка.

Општите именки уште може да се поделат на **конкретни** и **апстрактни**.

**Конкретните** именуваат материјални предмети и суштества, кои може да се допрат. На пример, *клупа*, *чаша, дете, цвет, јаболко...*

**Апстрактните** именки го именуваат сето она што не може да се допре. На пример, *радост*, *тага*, *среќа, вистина, храброст, другарство, мисла...*

Според тоа, *среќа* е општа и апстрактна именка.

Со **сопствените именки** се именуваат единечни (индивидуални) суштества и предмети:

- имиња на луѓе, прекари, псевдоними: *Стојан, Џинот, Марија*;
- географски имиња: *Пелагонија*, *Баба*, *Вардар*;
- празници: *Велигден*, *Илинден*, *Божиќ*…







## ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ НА ИМЕНКИТЕ

Во македонскиот јазик, именките ги имаат следниве граматички категории: ***род***, ***број*** и ***определеност***.

### РОДОТ КАЈ ИМЕНКИТЕ

Треба да се прави разлика меѓу **природниот** и **граматичкиот** род.

Родот кај именките што именуваат живи суштества има основа во различниот пол на луѓето и животните (машки и женски), а може да биде и среден, кај малите живи суштества (бебе, дете, мáче, пиле, прасе...). Овој род е **природен**, на пример, *мачор – мачка – маче, петел – кокошка – пиле, маж – жена – дете*.

Кај именките што не означуваат живо суштество, станува збор за **граматички** род.

Граматички род имаат сите именки, без оглед на тоа дали именуваат живо или неживо нешто. Граматичкиот род се определува **според завршетокот на именката**. Според граматичкиот род, секоја именка во македонскиот јазик припаѓа на еден од трите рода: машки, женски и среден.

Родот во македонскиот јазик доаѓа до израз во еднинските форми. На пример, *стол, маса, огледало – столови, маси, огледала*. Во множината родот се определува според еднинската форма на именката.

<table>
<tr><th>машки род</th><th>женски род</th><th>среден род</th></tr>
<tr><td>Завршуваат на<br>согласка:<br>стол, молив, ученик<br>-а: (лица)<br>судија, војвода, арамија<br>-о, -е, -и: (лични имиња и роднински врски)<br>татко, вујко, дедо; Јане, Марко, Томи, Никола</td><td>-а:<br>маса, слобода, мајка<br>согласка:<br>радост, младост, вест, организираност, љубов, пролет, есен, крв, сол, пот, моќ, ноќ<br>- е, -и: (лични имиња)<br>Наде, Бети</td><td rowspan="3">-о:<br>село, огледало, езеро, око, уво, колено, грло, стапало, лето, решо, биро<br>-е:<br>бебе, дете, момче, јајце, копје, лице, јагне, море<br>-и:<br>такси, киви, жири, мени</td></tr>
<tr><th colspan="2">двородови именки</th></tr>
<tr><td colspan="2">Кај некои именки постои колебање во родот, односно тие се двородови, и од машки и од женски род.<br>жар, пепел, вар, песок, прав</td></tr>
</table>

**Активност**

Наставен лист – работа во парови. Пронајдете ги именките во текстот и низ дискусија определете го нивниот род.

„Владо седеше покрај огнот на плажата. Одеднаш забележа дека нараквицата на Мери беше во жарта. О, како да ја спаси? Зеде стапче и ја пренесе на безбедно во сувиот песок. Но потоа, кога сакаше да ја допре, нараквицата беше пожешка од жар. Ја фрли и таа падна во песокта кревајќи облак од прав.“

## БРОЈОТ КАЈ ИМЕНКИТЕ

Именките во македонскиот јазик разликуваат два броја: **еднина и множина.**

Еднината означува единечен предмет, суштество или појава, а множината повеќе од именуваните суштества, предмети или појави.

Некои именки се јавуваат и во еднина и во множина, односно се менуваат по број, други имаат само еднинска форма, а трети, пак, само множина.

**Само во еднина** се јавуваат:

- сопствените именки: *Елена, Скопје, Водно;*
- материјалните именки: *злато, бакар, сребро, памук, волна, пластика*;
- збирните именки: *население, мебел, народ, стока;*
- некои апстрактни именки: *небо, тага, хуманизам, барок, ренесанса*...

**Само во множина** се јавуваат именките: *панталони, хеланки, хулахопки, очила, ножици, гаќи, шорцеви, ногари* и сл. Со нив може да се укажува и на еднина и на множина, односно и на еден пар и на множество.

**ВИДОВИ МНОЖИНА**

Во македонскиот јазик се разликуваат три вида множина: **обична**, **избројана** и **збирна**.

а) **Обичната множина** дава информација дека станува збор за повеќе од еден предмет или лица што може да се бројат. Таа се јавува кај именките од сите три рода.

**ОБИЧНА МНОЖИНА КАЈ ИМЕНКИТЕ**

| **машки род** | **женски род** | **среден род** |
|---|---|---|
| **еднослoжни:**<br><br>стол – стол**ови**<br>сокови, денови,<br>штркови<br>цар – цар**еви**<br>кошеви, ножеви, броеви<br>* маж**и**, прст**и**, коњ**и,**<br>волк – волц**и**<br>**повеќесложни:**<br><br>пријател – пријател**и**<br>компјутери, гледачи<br><br>* скакулец – скакулци<br>ороводци, комарци<br>* човек - луѓе | **- и**<br>маса – мас**и**<br>девојка – девојк**и**<br>клупа – клуп**и**<br>другарки, наставнички | **-а**<br>огледало – огледал**а**<br>село – сел**а**<br>езеро – езер**а**<br>јаболко - јаболк**а**<br><br>**-иња**<br>јагне – јагн**иња**<br>море – мор**иња**<br>пиле – пил**иња**<br>* лице – лица, око – очи,<br>уво - уши<br>* дете – деца |

б) **Избројаната множина** е карактеристична само за **именките од машки род**. Кога именката се јавува во форма на избројана множина, таа е секогаш придружена од број или

од прилог за количество. Наставка за формирање на избројаната множина е: *-а*, на пример, *два клуча*, *неколку дена*, *три дена*, *сто гроша*, *осум класа*.

стол – (многу) стол**ови** ↓ обична множина

(два) стол**а** ↓ избројана множина

***Еднослoжните*** именки од машки род обично образуваат избројана множина кога се употребени со кој било број (стол – осум стола, ден – пет дена, број – единаесет броја, лист – триесет листа...), а кај ***повеќесложните*** почесто се употребуваат формите за обична множина. Доколку се употребени со бројот два, тогаш се препорачува употреба на формата за избројана множина (пет кревети – два кревета).

**в) Збирната множина** се јавува кај именките од **сите три рода**. Со неа се означува множество од истородни предмети или суштества што не може да се изbrojат и на тој збир се гледа како на целост. Се јавува кај именките од **сите три рода**. Се образува со наставките **-је**, **-ја**, **-ишта.**

На пример: лист – лисје, рид – ридје – ридишта, ливада – ливаѓе (ливада + -је > ливадје > ливаѓе) , трева – тревје, планина – планиње (планина + -је > планинје > планиње), дрво – дрвје – дрвја, жито – житје – житја.

Кај некои зборови, различните форми за множина имаат и различно значење.
На пример:
**дрво** (еднина); **дрва** (обична множина) – дрва за огрев; **дрвја** (збирна множина) – дрвја во природата
**крило** (еднина); **крила** (обична множина) – крила на авион; **крилја** (збирна множина) – крилја на птица или на инсект
Збирната множина бара глаголи и придавки во множина. На пример: *Жолтите лисје ја украсија ливадата*, а не *Жолтото лисје ја украси ливадата.*

## ОПРЕДЕЛЕНОСТА КАЈ ИМЕНКИТЕ

Категоријата определеност е еден од најкарактеристичните белези на македонскиот јазик. Оваа категорија се изразува со посебни граматички средства, наставки, што се нарекуваат и **членски наставки**.

**Активност**

Пронајдете ги именките во текстот што следува и распоредете ги во табела според тоа на кој род и број му припаѓаат.

„Си живееле еден цар и една царица. Тие имале син и ќерка, близнаци. Кога синот и ќерката наполниле 16 години, царот и царицата ги повикале и им кажале една тајна. Тајната ја знаеле само царот, царицата и волшебничката од шумата. Денот кога се родиле, три лоши самовили им фрлиле клетва. Клетвата била толку страшна што само змејот од пештерата можел да ја уништи и да ги победи самовилите...“

Дали воочивте дека именките понекогаш ги имаат наставките -от, -та, -то, -те/-та? Обидете се да ја согледате разликата во значењето на *цар* и *царот*, *син* и *синот, клетва* и *клетвата* итн.

Доколку на општата именка ѝ се додаде членска наставка, за неа се вели дека е определена или членувана, а доколку именката е без членска наставка, таа е неопределена или нечленувана.

Кога една општа именка ја членуваме, значи дека конкретниот предмет сме го издвоиле од мноштвото такви истородни предмети.

На пр.: Гледам филм.

Именката „филм“ е нечленувана и неопределена. (Гледам некој филм.)

Но: Го гледам филмот.

Во овој пример членуваната именка „филмот“ означува издвоен, точно определен предмет. Соговорникот точно знае за кој филм станува збор.

## Просторно определување со членот







### Размислуваме... согледуваме

Во што се разликуваат формите на именката „куќа“ на првата и на втората илустрација? Разгледајте ги и обидете се да согледате зошто се употребени различни форми. Што се означува со нив?

Членот го употребуваме и со просторно значење:

1. Членот: **-ов, -ва, -во; -ве** – за предмети кои се **блиску до лицето кое зборува**.
   На пр.: Седни на столов. (Столот е во близина на лицето што зборува.)
2. Членот: **-он, -на, -но; -не** – за предмети **оддалечени од двајцата соговорници, но тие сепак можат да ги видат)**.
   На пр.: Детено се вика Филип. (Детето е оддалечено и од двајцата соговорници).
3. Членот: **-от, -та, -то; -те** – за предмети кои се **блиску до лицето со кое се зборува**.
   На пр.: Дај ми ја книгата. (Книгата е во близина на соговорникот).

## Вежбаме граматика

Составете по една реченица за секоја слика во којашто соодветно ќе употребите членувана форма од именките.

1)  2)  3)  4) 

## ЧЛЕНОТ КАЈ ИМЕНКИТЕ

| машки род | | женски род | | среден род | |
|---|---|---|---|---|---|
| еднина | множина | еднина | множина | еднина | множина |
| **-от** (столот) | **-те** (столовите) | **-та** (масата) | **-те** (масите) | **-то** (детето) | **-та** (децана) |
| **-ов** (столов) | **-ве** (столовиве) | **-ва** (масава) | **-ве** (масиве) | **-во** (детево) | **-ва** (децава) |
| **-он** (столон) | **-не** (столовине) | **-на** (масана) | **-не** (масине) | **-но** (детено) | **-на** (децана) |

## Предлог-активност



*Работа во парови*. Учениците влечат картички со именки. Едниот ученик треба да извлече картичка и да му ја прочита именката на другиот. Тој потоа треба да ја членува и да ја запише во тетратката, а потоа и да ги определи родот и бројот. Потоа учениците си ги заменуваат своите улоги. Неколку пара ученици ги запишуваат одговорите на таблата образложувајќи ги граматичките категории кај именките.

# ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

## МИТ

Зборот „мит“ потекнува од грчкиот јазик и значи приказна што се раскажува и прераскажува од поколение на поколение. Митовите се сметаат за **најстари приказни** со фантастична содржина создадени во првобитното општество. Не се знае точно кога биле создавани митовите и колку е стара нивната содржина, но се претпоставува дека постоеле уште од времето кога постои човештвото, дури од праисторијата.

Не можејќи научно да си ги објаснат природните појави, луѓето создавале фантастични објаснувања за настанокот на светот, за човекот, за животот итн. Митовите се, всушност, приказни за создавањето на земјата, небесните тела, човекот, животните, за природните феномени како менувањето на денот и ноќта, годишните времиња, грмотевицата итн. Бидејќи митовите се создавале со усно прераскажување во долг временски период, најчесто некои митови имале **различни верзии**. Разни народи со текот на времето создавале бројни митски приказни оформувајќи збир од митови наречен **митологија.** Сите делови на светот имаат своја митологија. Најпознати се: **хеленската, римската, египетската, словенската, сумерската, средноамериканската** (на Маите, Ацтеките и Олмеците), **норвешката** митологија (на **с**тарите Викинзи) и др.

### Мит за создавањето на светот

- *од словенската митологија* -

Најпрво не постоело ништо, освен хаос. Сè било едно. Тогаш древниот бог Род слегол долу, на земјата, во златно јајце, па се фатил за работа. Прво, одлучил да создаде светлина и темнина, а од златното јајце го извадил сонцето кое требало да кружи наоколу додека е светло. Потоа дошла и месечината, која го зазела своето место на небото, додека

е темница. Од земјата почнале да никнуваат дрвја, животни да шетаат низ шумите и птици да пеат наоколу.

Род го создал виножитото, за да ги спојува небото и земјата, и лагата и вистината. Потоа влегол во златното јајце и почнал да се враќа нагоре, на небото. Запрел за миг и погледнал наоколу. Бил задоволен од она што го гледа, но сфатил дека нешто недостига, нешто што ќе потсетува на Бог, па испуштил од својот здив на земјата. Тогаш насекаде низ земјата задувал ветер и од здивот на Род се родила божицата на љубовта – Лада.

Го поделил светот на три кралства: небо, земја и подземје. Најпрво ги создал боговите, кои морале да одржуваат ред на земјата, потоа го создал човекот и, на крај, создал свет за мртвите. При создавањето на трите кралства започнал да расте огромен даб – Дрвото на светот, кое никнало од семето што го фрлил творецот. Неговите корени биле скриени во светот на мртвите, стеблото поминувало низ царството на земјата, а гранките му биле потпора на небесното царство.

Род го населил небесното царство со богови. Потоа, заедно со Лада, го создале моќниот бог Сварог. Со тоа што му вдахнале живот, го направиле Сварог верен помошник на Род. Сварог го создал небесниот пат на сонцето дење и патот на месечината во текот на ноќта.

Преземено од
https://krajbrezje.mk/2020/12/02/mit-za-sozdavanjeto-na-svetot-od-rod/ на 1.9.2023

## Мит за создавањето на светот

- *од јапонската митологија* -

Откако ја создале Земјата, боговите го создале младиот пар, Изанами и Изанаги, и им рекле да го оформат светот, кој тогаш бил голема хаотична маса. За оваа задача им дале копје украсено со скапоцени камења.

Додека стоеле на „божествениот мост“, Изанаги и Изанами ја промешале масата со копјето. Кога го извадиле од масата, од копјето капнало малку солена вода и така се

формирал првиот остров. Паротрешил ова да биде нивниот дом и овде да формираат семејство за да ја населат Земјата.

Потоа, тие ги создале и островите кои денес ја сочинуваат Јапонија.

**Разговараме**

За што се раскажува во овие две приказни? Кога се случува дејството во нив? Кој е Род и што направил? Кои се Изанами и Изанаги? Што е заедничко за овие два мита?






## МИТОТ ЗА ПАНДОРА (ПАНДОРИНАТА КУТИЈА)

Откако Прометеј го украл огнот од боговите и им го дал на луѓето, Зевс сакал да се одмазди. Тој решил да создаде жена (првата жена на земјата) која ќе биде надарена, добра и убава. По барање на Зевс, Хефест ја создал Пандора, од вода и земја. За таа цел му помогнале и другите богови. Атина ја облекла, Афродита ја дарувала со убавина, Аполон со музичка дарба, Деметра ја научила да ја обработува градината, Посејдон ѝ дал бисерен ѓердан, Хера ја направила љубопитна, а Хермес ѝ подарил кутија. Нејзиното име, Пандора, значи „надарена со сè“.

Поради сите нејзини убави особини и дарби, Епиметеј, братот на Прометеј, се вљубил во Пандора. Прометеј го предупредил својот брат да биде внимателен и Пандора да не ја отвора кутијата што ја добила од богот Хермес. Но, таа, поттикната од својата природна љубопитност, ја отворила кутијата и тогаш од неа излегле сите зла. Насекаде завладеале сиромаштија, болести, глад, завист, омраза, тага... Пандора побрзала да го затвори капакот, но веќе било доцна бидејќи во кутијата останало само едно нешто – надежта.

Еден ден, Пандора слушнала глас од внатрешноста на кутијата што ја повикувал повторно да ја отвори. Пандора го послушала и ја пуштила и надежта да излезе. Така на човештвото му го дала најголемиот дар од сите – надежта, бидејќи само таа е помоќна од кое било зло.

*Адаптирано од авторот*



**Твориме на тема** (одберете)

1. **Мојот омилен митски јунак**
2. **Митолошкото суштество од мојата фантазија**

## НАРОДНИ ПРИКАЗНИ

Народните приказни се делат на**: фантастични** и **реалистични**.

а) Фантастични приказни: сказни (бајки), басни и приказни за животни.
б)  Реалистични приказни – во нив се раскажуваат случки од секојдневниот живот на луѓето.

## СКАЗНА

Сказните се развиле од митовите и од приказните за животни. Познати се и под термините **фантастични** и **волшебни народни приказни**. Основните мотиви на најстарите сказни се однесувале на човековата борба против силите на природата. Магијата претставувала најважно средство во борбата на човекот против природните сили. Во центарот на сказните е **борбата меѓу доброто и злото**.

**Ликовите** најчесто се градат врз основа на контрасти (добри – лоши, искрени – лажливи, чесни – нечесни и сл.). Како јунаци најчесто се јавуваат луѓето, а потоа и животните, растенијата, разни митолошки суштества (змејови, ламји, самовили, наречници, маѓепсници, зли духови, олицетворение на небесни тела...). Популарен јунак во сказната е **ликот на најмалиот брат** којшто е наивен, простодушен, поради што често паѓа во низа несреќи. Други карактеристични ликови се ликот на **најмалата сестра**, **сиромашното момче**, **царскиот син**, **царската ќерка**, **лошата маќеа** итн.

Важна особеност на сказните се **митолошките суштества**.

**Змејовите** (ламјите) ја секнуваат водата, грабаат девојки и им предизвикуваат штета на луѓето сѐ додека не се појави смел јунак, кој ќе ги убие и ќе го ослободи намачениот народ. („Цане и ламјата“)

**Самовилите** најчесто се непријатели на човекот, му го одземаат видот и слично, но понекогаш и му се помошници на човекот.

**Наречниците** – три жени на различна возраст кои доаѓаат кај новороденчето на третата вечер и со своите искажувања му ја определуваат судбината.

**Ѓаволот** е чест лик во македонските народни приказни.

**Волшебните предмети со чудотворна моќ** спаѓаат меѓу најкарактеристичните елементи на сказната. Најчесто се среќаваат прстенот, јаболкото, појасот, волшебното огледало, брзоодните чевли, невидливата облека, лековитите тревки, водата, чешелот, живата вода, млекото од пиле, волшебниот збор итн.

**Локализацијата на дејството по време и по место** најчесто е неопределена. Дејството се случува „некогаш; пред многу години; зад седум планини и седум мориња; во едно далечно царство и сл.“

## РЕАЛИСТИЧНИ ПРИКАЗНИ

Реалистичните приказни (познати и како *новели*) го сочинуваат најголемиот дел од вкупниот фонд од македонските народни приказни. Во нив се раскажуваат **случки од секојдневниот живот на луѓето,** сместени во **конкретно време и простор** (одредено село, град, на нива, в црква, в меана итн.). Затоа овие приказни и се нарекуваат реалистични.

Особено популарна тема е **мрзеливоста**. Нашиот народ ја презира мрзливоста. Таа може да му нанесе на човекот огромна загуба. Овде спаѓаат и приказните за **борчот** (долгот) и **печалбарството**, **касметот**. Вербата во касметот претставува симболизирање на народниот оптимизам, па затоа најчесто сиромавиот се збогатува, односно го пронаоѓа својот касмет. Многубројни се приказните за **богатите чорбаџии и нивните измеќари** (слуги). Богатите чорбаџии се претставени како мошне нескромни, надуени, горделиви господари.

Покрај општествените односи, реалистичните приказни го сликаат и **семејниот живот**: брачните односи, односот помеѓу родителите и децата, работливоста и умноста на невестата, односно нејзината лакомост и зборливост, односот меѓу свекрвата и снаата и сл.

**Обичниот, сиромав човек**, претставник на широките народни слоеви, секогаш ги надминува по ум, мудрост и способности претставниците на повисоките општествени класи, како што се царевите, чорбаџиите и поповите.

## Горделивец

Некој човек бил по дрва во гората. Откако ги набрал, ги нарамил и тргнал кон градот да ги продава. Дрвата биле мошне долги, па затоа постојано мошне силно викал:

- Вардете се! Вардете се!

Еден горделивец, кој во тој миг минувал по улицата, не сакал да се тргне настрана, па дрвата му ги закачиле алиштата и му ги искинале. Горделивецот се налутил и го дал човекот на суд за да ги плати алиштата.

Кога дошле пред судијата, тој ги прашал неколкупати да му објаснат – како се случила таа работа. Но, дрварот постојано молчел. Судијата му рекол на горделивецот:

- Што си го довел овој нем човек? Како ќе се разберам со него? Ниту слуша, ниту зборува.
- Не е нем господин судија, само така се прави!
- А, од каде знаеш дека не е нем? – прашал судијата.
- Па... кога ги носеше дрвата по улица, викаше на сиот глас: „Вардете се! Вардете се!"
- Така, значи? Па кога викал човекот, зошто не си се тргнал да не те закачат дрвата? – му рекол судијата на горделивецот и го ослободил човекот со дрвата.

*Македонска народна приказна*

Извадок од *Приказни за добра ноќ од цел свет* раскажани од Киро Донев,

Македоника литера, 2014

### Разговараме

Со кој лик започнува приказната? Каде е тој лик? Што прави? Кога се сменува местото на настаните? Кој е горделивецот во оваа приказна? Што прави тој? Кому му се противи горделивецот? Зошто? Што мислиш, зошто горделивецот посакал да се расправа со човекот со дрвата? Што мислиш за ваквите постапки на луѓето?

Дали оваа приказна е фантастична или реалистична? Објасни го својот одговор.

## Кој го украде сеното, тој ја има мувата на капата

Некој човек си имал сено во племната. Друг му се наввртел, та му го крадел. Стопанот на сеното од ден на ден гледал оти сеното му се намалувало и оти некој го крадел, ама не можел да разбере кој бил арамијата. Еден ден се собрале повеќемина селани и си разговарале. Таму биле и стопанот на сеното и арамијата. Стопанот не знаел сигурно дали навистина бил тој или некој друг. Се отворил збор меѓу нив за крадењето сено и за тоа кој бил тој што го крадел. За да дознае кој е арамијата, стопанот им рекол: „Сега јас ќе го најдам арамијата“.

„Тој што го украде сеното“, рекол тој, „си ја има мувата на капата!“ И навистина, тој час арамијата мавнал со раката по капата за да ја истера мувата, без да сети оти ќе го познае. Стопанот вчасот го познал и викнал: „Ете како го познав и го најдов арамијата“, и го фатил за рака.

*Македонска народна приказна*

**Разговараме**

Каква мака има селанецот? Како се обидува да дојде до одговорот на прашањето што го мачи? Со што се послужил селанецот?

**Твориме на тема:**

„Не со сила, ами со ум се победува“

**Учиме нови зборови**

**сено** – косена и сушена трева

**арамија** – крадец

**стопан** – сопственик, домаќин

**Задача**

Прочитај ги двете приказни уште еднаш. Кој раскажува во двете приказни? Во кое лице се раскажуваат приказните?

**Раскажувач** е оној кој ја пренесува приказната што ја напишал, создал некој автор со име и презиме или некој народен раскажувач. Раскажувачот се појавува во ЈАС-форма/прво лице или пак во ТОЈ-форма/трето лице.

Кога раскажувачот е во **прво лице**, при раскажувањето се користат форми во прво лице (јас, отидов, имам...). Раскажувачот во прво лице раскажува како учесник во настаните, тој е дел од приказната.

Кога раскажувачот е во **трето лице**, ќе го препознаеме по користењето лични заменки и глаголи во трето лице при раскажувањето (тој, таа, тоа, тие, отиде, имаат...)

**Активност за загревање**

На едно ливче нацртајте што би сакале да добиете за подарок. Не грижете се со колкава успешност ќе нацртате. Важно е да ја нацртате желбата – подарок. Потоа ливчето ставете го на определеното место за тоа. Наставникот нека го измеша редоследот на ливчињата. Сега повторно земете ги и направете приказна во која секој го добива подарокот кој е нацртан на ливчето што ќе го извлече.



**Истражуваме:**

**Пронајдете ја во пишана форма, во видео или аудио верзија познатата сказна „Златокоса“. Потсетете се на нејзината содржина.**

**Напишете по пет особини за ликовите: Златокоса, Лошата волшебничка и Принцот.**

**Кој е јунакот на оваа сказна? Што сака да добие? Кој помага, а кој се спротивставува на таа желба?**

**Според таа сказна, кој победува**

## Златокоса

Одамна, на брегот на реката, толку одамна што и името на местото е веќе заборавено, живеела девојка со златна коса. Само тој што не ја видел, не го огреала светлината на нејзините виолетови очи. Само тој што не ја чул – можел да го слушне гласот на ластовиците во гласовите на останатите девојки. Кожата ѝ била попроѕирна од латиците на јасминот, а насмевката попријатна од потпукнувањето на огнот во студените ноќи.

„Колку е стројна, колку е убава!“ – шепотеле и луѓето и облаците и реката. Од земјата на ледените брегови доаѓале ветриштата за да ѝ поминат низ златната коса, а птиците застанувале во летот за да ја видат. Што да се каже за момчињата?

„Таква девојка на земјата се раѓа еднаш!“ – зборувале старците. „Чудата не се повторуваат!“

*Стоп*

*Кога и каде започнува приказната?*

*Како е опишана Златокоса? Кој како ја опишува?*

Златокоса и самата поверувала дека од неа нема поубава на светот. Цели денови и недели почнала да поминува на кладенецот, посматрајќи го својот лик во водата. Попусто се довикувале момчињата за да го свртат кон себе нејзиниот поглед. Попусто другарките ја викале да излезе со нив во ливадата: каде што цветаат бели ради и летаат вилински коњчиња и светулки.

„Што ќе ми се бели ради?“ – одговарала Златокоса. „Јас сум поубава од белите ради и од јоргованите и од ружите!“ – продолжувала да го гледа својот лик во водата, а девојките заминувале на полињата радувајќи му се на мирисот на високата летна трева, се смееле и пееле. Потоа една по друга станувале невести, а потоа млади мајки. Златокоса со презир ги слегнувала рамената: „Нека ги! Тоа се обични девојки, па затоа и судбината им е обична.“

*Стоп*

*Што предизвикува убавината кај самата Златокоса?Каква станува таа?*

Пораскошна од сонцето, блескала, шумолела како водопад косата на девојката. Тревките израснувале за коленце повисоко само за да ја видат, па дури и реката заборавила да тече и восхитено мижуркала во врбјакот. Приказните за убавината на Златокоса се шреле по земјата како пожар. Којзнае дали ветрот ги разнесувал или реката ги тркалала со себе – та дури преку морињa и планини, преку глечери и пустини луѓето доаѓале да ја видат, да ѝ се восхитуваат отстрана, бидејќи никој немал смелост да ѝ се приближи и да ја побара нејзината рака.

Но, постои ли ружина грмушка која не расцутела во ружа? Постои ли роса која не ја испива сонцето? Едно гордо и смело момче се појавило со волшебна свирка во појасот и волшебен меч во раката и се заколнало дека ќе ја освои Златокоса. Не постоела таква опасност пред која не би го извлекол мечот и не постоел човек или ѕвер кого звукот на свирката не би можел да го припитоми. Од што можело да се плаши?

Нежен и тивок бил гласот на свирката, но тревите и водите од него станувале лековити, поплавите и пожарите се повлекувале, пазувите на земјата се отворале за да ги покажат своите скриени богатства. Да, сакало – момчето можело да биде помоќно и побогато од секој цар на земјата. Но, него не го интересирале ни моќ, ни богатство! Со силата на волшебниот меч ги бранело понижените и обесправените, со гласот на свирката ги лечело болните и немоќните. Доволно било да засвири, па и најболните да заборават на својата болка, најнесреќните да запеат, а од исушените гранки на овошките да се појави цвет, па и плод. Свирката, мечот и верното куче му биле пријатели на момчето, но светот бил негов. Штом ќе се појавело некаде, сè станувало порадосно и повесело, сè додека не ја здогледало Златокосата.

*Стоп*

*Кој се појавил во околината на Златокоса? Какво било момчето? Што сакало тоа? Што поседувало и какви моќи имало?*

*Дали било исто или слично со Златокоса?*

Само што го погледнала, како златна врвка да му се стегнала околу неговиот врат: момчето заборавило и на песната и на сонот. Бледо и збунето, се тетеравело меѓу луѓето, сè додека не ја исправило главата и не рекло:

„Златокоса ќе биде моја!“

Тоа го рекло само еднаш, но гласот што му е доверен на човечкото уво е побрз и од најбрзиот коњ. Златокосата ја слушнала изјавата на момчето, пркосно ја свртела главата и рекла: „Кој е тој што може да го заузди ветрот? Ничија не сум! Ничија нема ни да бидам, ако не се најде оној којшто е спремен да исполни три мои жели и така да ја заслужи мојата љубов!“ – девојката се насмевнала гордо, сигурна дека таков нема и нема ни да се појави. Но момчето не го поколебало ни тоа. Со раката врз вратот на верното куче, тоа застанало пред Златокосата и ѝ рекло: „Кажи ми ги трите желби, Златокосо! Да видиме: дали можам или не можам да ги исполнам?“ Тенко и исправено како врбова гранка, момчето стоело и ја гледало девојката. Очите му биле пламени и жестоки, а зборот остар и итар. Луѓето го посматрале нежно. Златокосата се стресла и затреперила. Дали можеби месечината во момче – убавец се претворила? Погледот на момчето светол ѝ ја поместувал земјата под нозете.

*Стоп*
*Што се случува со Златокоса? Како се чувствува таа кога го гледа момчето?*

Но Златокосата се прибрала и рекла:
„Врати се оттаму од каде што си дошол. Кој може да го присвои сончевиот зрак? Ничија не сум, ничија нема ни да бидам! Заборави ме и нека ти е среќен патот!“ За да ја прикрие збунетоста, Златокосата го наведнала тенкиот врат и се насмевнала со презир, но момчето ни тоа не го одвратило:
„Каде да одам? Сум дал збор: ќе ми се смеат луѓето.“
„Па добро“ – студено го погледнала Златокосата. „Да видиме: има ли срцето толку сила колку што зборува устата! Мојата прва желба е твојот – меч!“
Момчето се занишало како трска свиткана од силен ветер, но ни овојпат не отстапило:
„Зарем само слаб и ранлив можам да дојдам до твојата љубов?“ – ѝ се обратило на Златокосата со прекор во гласот. „Зарем не знаеш дека со мечот ги бранам бедните, дека мечот е волшебен само во мојата рака?“
Девојката замолчила за момент, го погледнала строго и рекла:
„Знам. Знам и дека повеќе нема никому да му донесе добро, но тоа е мојата желба...“ – девојката ги испружила заповеднички рацете, а момчето без збор го положило мечот во нив. Луѓето кои стоеле околу нив ги набљудувале без здив, полни ужас. „Кој ќе ги брани сега од злото?“ – се прашувале во себе, не осмелувајќи се гласно да изговорат ниту еден единствен збор. На Златокосата ѝ станало жал, но и за неа, како и за момчето, не можело да

има отстапување: луѓето околу нив сѐ повеќе го стеснувале кругот. Нивните погледи ја печеле Златокосата. Нивниот здив ѝ ги жежел образите. Тишината била толку легната што можело да се чуе листенцето како паѓа на земјата, кога момчето се созело и рекло:
„Која е твојата втора желба? Сурова си колку што си убава, Златокосо. Не верувам дека лесно ќе ја исполнам.“ Момчето стоело поисправено од топола, а потоа наеднаш се насмеало гласно. „Да не се уплаши од сопствената желба?“ – запрашало, а Златокосата во лицето станала побела од брезата на која се потпирала.

*Стоп*
*Пред какви маки се наоѓаат момчето и Златокоса? Дали имаат целосно влијание врз она што го прават? Како се чувставува, а како се однесува Златокоса? Како се чувствува и како се однесува момчето?*

„Зошто не умееш да молчиш? Зошто си ја бараш гласно неволјата?“ – запрашала тивко, а момчето ја подигнало главата нагоре и мирно рекло:
„Кажи, која ти е вторaта желба!“
Златокосата отстапила еден чекор наназад и изустила:
„Твојата свирка!“
Присутните ги полазиле морници по грбот. Ветрот застанал во гранките. Ни реката повеќе не течела. Само се слушало завивањето на кучињата.

*Стоп*
*Што мислите, кој најмногу греши во оваа ситуација? Дали луѓето, Златокоса или момчето? Зошто?*

„Ти не можеш да исцелиш со нејзиниот глас, те предупредувам. Само кога мојот здив дува во неа, свирката има волшебна моќ! Остави ми ја барем неа! Зарем не знаеш колку има болни и несреќни?“
Една од жените заплакала. Таа верувала дека свирката ќе му го врати видот на слепото внуче. Што сега? На нејзиниот плач ѝ се придружил плачот на една старица: таа имала болен маж. Но, Златокосата не отстапила. Со тврд и остар глас, наведната кон момчето, му заповедала: „Ми рече дека ќе ми ја исполниш желбата. Дај ја свирката!“
Низ образот на момечто се лизнала солза. Тоа се наведнало и го помилувало кучето кое збивтало покрај неговите нозе, но ѝ ја дало свирката на Златокоса.

*Стоп*
*За кого се грижи момчето, за себе или за другите? Како реагираат сите од околината?*

„Проклета да бидеш!“ – летна една жена кон Златокоса.
Пискотот, пак, од друга страна стасал до седмото небо. Момчето не се ни помрднало. Само раката му се спуштила врз главата на кучето и нежно ја помилувало. Луѓето не можеле да им поверуваат на сопствените очи. Дали сето ова се случува или станува збор за грд сон?

Тишина, потешка од камен паднала меѓу момчето и Златокоса. Момчето тивко ја запрашало што уште сака, а девојката нестрпливо ја свртела главата.
„Е, па добро!“ – се насмевнала со презир. „Мојата трета жеба е срцето на твоето куче! Извади го и дај ми го. Тоа не е повредно од свирката и од мечот? Што трепериш?“ – Златокоса сакала да го допре образот на момечто, но тоа отстапило еден чекор назад.
„Златокоса не ги заслужува моите жртви!“ Како удар од гром му поминала мисла низ срцето. „Не сфаќа ништо, нема ни разум, ни душа! Човек може да го жртвува она што е негово, но има ли право да жртвува некого којшто му верува, којшто го сака?“ – полека, како да оди со нож забоден во грбот, момчето тргнало крај реката. Пред него одела неговата сенка. Зад него кучето со врел јазик му ги лижело час листовите од ногата, час дланката.
„Зарем толку вреди тоа куче?“ – се стрчала Златокоса по момчето. „Зарем тоа ти е помило од мојата убавина?“ – трчала девојката, се сопнувала, паѓала, се кревала, повторно трчала, но момчето и кучето постојано ѝ бегале за чекор. Конечно, се спуштила и ноќта, а потоа се родило и новото утро. Момчето бегало.

*Стоп*
*Каков пресврт настанал? Зошто сѐ се сменило?*

Златокоса го следела во чекор. Преку ридови, глечери, преку пустини и камењари, Златокоса се сопнувала, молејќи го момчето да застане и да ја сослуша:
„Сакав да ја испитам твојата љубов!“ – викала по момчето, но тоа било слепо за нејзината убавина, немо за нејзината молба. Дали горело во неа покајувањето или од копнежот станувала сѐ попроѕирна, сѐ поубава? Којзнае! Нејзината коса се виорела како златен бајрак. „Ќе ти ја вратам свирката, ќе ти го вратам мечот!“ – го молела момчето да застане само за миг. „Не одговарај на љубовта со омраза“ – плачела, но момчето одмавнувало со раката и го продолжувало своето бегство. Веќе стигнало и на крајот на земјата, ги допрело и рабовите на небото, кога девојката крикнала: „Како куче ќе одам по тебе, прости ми, прости...“
Момчето се стресло, застанало. За миг го поколебала нежноста и тагата во гласот на Златокоса, но речиси во истиот миг, на листото од ногата го почувствувало жешкиот здив на кучето, затреперило, одмавнало одречно со главата и го пречекорило работ на небото. Толку било сигурно дека се приближува кон последната осаменост, што не се ни завртело, ниту потслушнало.
Со нешто што е поистенчено од слухот, сепак, го почувствувало приближувањето на лесните чекори на девојката и потрчало. Но и Златокоса потрчала и денес сѐ уште трча.
Во лето, кога ноќите се светли и топли, погледнете во небото и ќе видите: тенкиот срп на месечината не престанува да го следи една ѕвезда.

*Дали очекуваше ваков крај на приказната? Што е поинаку во оваа сказна од другите сказни што ги имаш прочитано?*

Гроздана Олуиќ
(*извадок од „Бајки“)*

**Разговараме**

Кои се најважните особини на Златокоса и на момчето? Пронајди реченици во текстот кои го покажуваат она што го зборуваш.

## Твориме и се изразуваме

Што би направил јас да бев Златокоса во приказната. / Што би направил јас да бев момчето што личело на месечина.

**Задача:**
Договорете се во одделението да прочитате уште некоја авторска сказна, на пример „Царевата нова облека“ од Ханс Кристијан Андерсен. Откријте ги волшебните и реалистичните елементи и направете презентации на прочитаното. Покрај тоа, во секоја презентација нека има кратка содржина, ликови, раскажувач.

## Предлог-активност

Замислете дека имате златна рипка која зборува. Што би ѝ кажале – какви желби да ви исполни?



**Сказна за рибарот и рипката**

Во далечна земја некоја,
зад планини, зад гори
крај едно сино море
колиба се наоѓа една,
многу стара, трошна бедна.
Во неа живее дедо стар
крпи мрежа како секој рибар,
а бабата вѕден в ручек дува
и колибата ја чува.
Наоколу никаде никој,
Никој оттука да рашета.
Триесет и повеќе лета
тие живеат сами, в спокој,
тој по риби, баба сама, в неспокој.
Едно утро (беше тмурно)
дедото зеде мрежа бурно.
На бабата ѝ рече: - Куќа чувај
ручек зготви, не се думај,
а јас отидов по својот чамец.
Понесов и добар мамец,
па се надевам, да не кријам,
дека денес риба ќе свијам.
Заплови тој по море
в мугра, в бела зора.

Мрежа фрла, па се слади,
раце трие, брада чеша,
но мрежата – празна ја вади,
Радост со тага му се меша.
Сонце зајде, па и се смрачи
и небото се наоблачи,
ама риба никаде нема
и дедо за кај дома се спрема.
Фрли мрежа уште еднаш,
од чело му облак густ исчезна
кога в мрежата риба веднаш.
Необична се фати една,
гледа во неа со чудо дедото.
Голема е половина фати,
сјае и на зајдисонце се злати.
Да е поголемо тоа чудо,
таа со човечки глас рече, иако е лудо:
-Што и да сакаш, јас ќе ти дадам,
Само в море да се најдам.
Ќе исполнам желба твоја
-било која.
Во дедото милозливост тлее,
ја пушти рибата да живее,
но желба тој не рече.

*Александар С. Пушкин*
*Извадок од „Сказна за рибарот и рипката“*

**Разговараме**

Како носи наслов овој извадок? Што мислиш, зошто се вика сказна? Кои ликови се среќаваат во извадокот? Каков е денот во кој рибарот лови риби? Пронајди ги зборовите кои го опишуваат времето.
Што необично му се случува на рибарот?

Дали си читал/а сказна во стихови? По што се разликува од сказната во проза? А кои се заедничките нешта?

## Бадникова вечер

Божиќ е последниот празник пред крајот на годината. По Божиќ следува Нова година, а потоа Празникот на пролетта. Тогаш, официјално ќе бидам една година постар. Сакав да пораснам побрзо и сонував да станам висок колку татко ми. Се надевав дека ќе најдам работа и ќе заработувам за живот, наместо да одам на училиште секој ден. Тогаш ќе станам личност што ужива во слободата и среќата.

Но членовите на моето семејство мислеа поинаку. Секоја година, кога го славевме Празникот на пролетта, баба ми Су ќе воздивнеше допирајќи си го лицето: „Сега сум уште една година постара и наскоро ќе се пензионирам.“ Дедо ми Тиан ќе промрмореше гледајќи низ осамената куќа: „Велат дека земјата се загрева. Па, тогаш зошто мене секоја година ми е сѐ постудено и постудено?“ Дедо ми ќе ги извадеше формуларите од медицинските прегледи што ги имаше собрано во текот на годините, па ги споредуваше еден по еден, жално забележувајќи го наводното влошување на неговата здравствена состојба. Новата баба беше најактивна, зашто ТВ-станицата мораше да подготви многу активности. Секогаш се жалеше дека нема сила и дека не може да дојде до свежи идеи. Постојано се грижеше дека некој помлад ќе ја замени. Дури и 13-годишната Хе Лала ќе погледнеше во огледалото и ќе прашаше дали можам да видам брчки или некакви несакани дамки на нејзиното лице.

Едноставно, мислев дека се чудни: на крајот на краиштата, славењето на Новата година треба да биде многу весело. Зошто сите беа толку депресивни? Небаре новогодишната ноќ е некакво чудовиште што ги раскинува нивните тела!

Божиќ го сакав повеќе од Новата година и од Празникот на пролетта зашто тато и Санг Јутинг секогаш ми купуваа подароци за Божиќ. На Бадник, пред спиење, закачував чорап над креветот. Кога ќе се разбудев следното утро, секогаш наоѓав подароци. Татко ми секогаш го купуваше подарокот претходниот ден и тајно го оставаше во божиќниот чорап. Санг Јутинг му го испраќаше подарокот на тато однапред, па и тој беше оставен во чорапот. Досега веќе осумпати сум го славел Божиќ. Санг Јутинг никогаш не заборавaше да ми испрати божиќен подарок. Добивав подарок и од Хе Лала, а и јас ѝ давав подарок. Минатата година ми даде синџирче за клучеви. На мое изненадување, приврзокот беше црно-бел скелет, кој таа го врза за појасот на мојата училишна чанта. Рече дека ќе ги шокира и ќе ги исплаши моите соученици на училиште. Но, мојата класна раководителка прва го виде скелетот и беше толку шокирана што пребледе и ме прекори: „Сиаосиао, зошто си толку морбиден? Такви работи не се носат на училиште! Што ли си мислеше? – рече таа и ми го заплени.

Јас пак ѝ дадов убав подарок на Хе Лала – бело мече со рунтаво крзно. Мислев дека девојките сакаат такви кадифени играчки. Но, не беше импресионирана и ме критикуваше дека сум „премногу наивен“. Уште и ме праша зошто мојот вкус е како на девојче. Бев толку лут што не ѝ зборував дури до Празникот на пролетта.

Каков подарок ќе ми даде оваа година? Немам поим. Што да ѝ дадам? Повторно немам поим. Давањето и примањето подароци е радост. Но, навистина е здодевно ако подарокот не е погоден.

Минатата недела ми се јави Санг Јутинг и ме праша дали сакам мобилен телефон. Бев многу задоволен, зашто мислев дека ќе ми даде мобилен телефон како подарок за Божиќ. Повеќе од половина од учениците во нашиот клас веќе имаа мобилни и секогаш си праќаа пораки за време на одморот. По завршувањето на домашните задачи, можеа да си ги споделат одговорите на телефон, што беше навистина добро. Можам да бидам и јас кул ако добијам телефон.

Не можев да се воздржам и да не му ја пренесам оваа вест на тато. Мислев дека ќе биде задоволен зашто ќе може лесно да ме контактира. Но, тато не беше среќен. Го отфрли целото прашање како нешто банално: „Само мобилен телефон? Да знаев дека сакаш, ќе ти купев.“ Потоа внимателно ме потпраша: „Што друго рече мајка ти? Што всушност сакаше таа, синко?“

Тато секогаш беше загрижен дека Санг Јутинг ќе ме земе. Иако понекогаш се чувствуваше оптоварен со задачата да ме расте, длабоко беше врзан за мене, а неговата љубов се засили уште повеќе низ годините што ги бевме поминале заедно. Знаев дека не може да живее без мене.

Сакав да имам мобилен телефон, но во исто време го сакав татко ми.

Извадок од романот *Бадникова вечер* од Хуан Беиѓиа

**Разговараме**

Во кое лице раскажува раскажувачот? На кој дел од годината се однесува раскажувањето на ликот – раскажувач? Дали е тоа важен дел од годината за него? Зошто? Пронајди ги деловите од текстот каде што се гледа важноста на празниците за ликот – раскажувач?

Кои други луѓе се важни за него? Во каква релација се тие заедно? Дали сите луѓе возрасни и помлади исто се чувствуваат за време на празниците, вклучително и ликовите? Објасни го својот одговор.

Пронајди ги речениците во кои ликот кажува како се чувствува.

Ако во твоето семејство не се слави Божиќ, кои празници се слават? Што се прави за време на нивното празнување?

## Твориме и се изразуваме

- Што, според тебе, е важно околу големите празници? Сподели го твоето мислење во неколку реченици (5-6).
- Напиши честитка за Божиќ која би можел/а да ја праќаш како СМС-порака за празниците.

**Задача**

Пронајди ги именките во овој текст, а потоа класифицирај ги според барањата:

вид именка и категориите род, број и определеност кај именките.

Одбери пет од именките и направи пет реченици со нив. Речениците нека бидат поврзани во мала смисловна целина.



**Снег**

Завева белиот снег
неколку привични пата.
Долу пред мојата врата
гинат белокрили јата
тихо во спокој мек.

Белиот небесен снег
реди еднолична сказна,
дека е душава празна,
сама пред осуда мразна –
кажува белиот снег.

Шепоти: сам си, сам.
А јас се спремам назад,
нозеве пак да газат
патишта што се мразат –
до денот, што го знам.

**Блаже Конески**

**Разговараме:**

Што завева пред вратата? Кои се, всушност, белокрилите јата? Каква песна реди белиот снег? Кој е сам во песната?



## Поштенското сандаче

...Беше вторник попладне кога поштарот ја отвори металната вратичка од единственото поштенско сандаче во селото.

„Гледаш?“ – ја праша својата внука.

Таа направи гримаса на гадење.

„Ова е куќа на пајаци“ – воздивна човекот додека ги чистеше сивите пајакови мрежи сплетени во внатрешноста на сандачето.

„Нема ниедно“ – гласно помисли девојчето. „Ниту едно. И вака е повеќе од три недели“ – рече потиштено додека си ја местеше темносината капа.

Беа сами на плоштадот, а од небото се закануваше бура.

„Не грижи се, дедо. Сигурно е само лош период“ – се обиде да го утеши. „Можеби утре ќе имаме повеќе среќа“.

„Не верувам во среќа, Ирија. Не е до периодот“ – ѝ објасни со многу сериозен тон. „Работата е во тоа што луѓето веќе не пишуваат писма“.

Девојчето го погледна загрижено.

„А ако ти пишувам јас тебе?“

Тој нежно ѝ се насмевна. „Дури ни ти не можеш да ме спасиш, малечка.“

„Да те спасам?“ – праша зачудено девојчето.

„Нема спас“ – призна дедото гледајќи ја право в очи. „На селото повеќе не му треба поштар.“

„Ама што зборуваш, дедо?“

„Ќе ја загубам работата ако продолжи вака. Писмата изумираат. Изумираат“ – си повтори за себе. „Ако за 15 дена не се смени нешто, градоначалникот ќе нареди да ме отпуштат.“

Токму во тој момент капките почнаа да се распрснуваат на плочникот од плоштадот. Дедото и внуката се засолнија под тремот со колонади и молчаливо гледаа.

**Разговараме**

Поштенското сандаче е полно со пајакова мрежа. Зошто? Зошто писмата престанале да доаѓаат? Што е по професија дедото и поради што е загрижен? Каков е односот меѓу дедото и внуката? Дали разговараат отворено и искрено? Во кој дел од извадокот го воочи тоа? Како се чувствува Ирија, дали таа ја чувствува загриженоста на дедо си? Сака ли да му помогне?

## Петстотини писма

Во вторникот наутро поштарот и неговата внука седеа во канцеларијата на поштата и се зачудија од она што го донесе Рамон, колегата разнесувач на писма.

„Што е ова?“ – праша Федерико.

„Цела вреќа“ – објасни тукушто дојдениот. „И колку што можам да забележам, адресирани се до тебе.“

Ирија воздивна длабоко.

„До мене?“

„Да, и многу е смешно“ – продолжи Рамон. „Погледнете ги ковертите!“

„За Феде – поштарот“ – прочита девојчето. „Повеќето се такви и испраќачите се од најразлични места. Неверојатно!“

„Да. Чудно“ – Федерико ја погледна Ирија под око.

„Од око би рекол дека има повеќе од петстотини писма. Ќе ти падне раката ако планираш да одговориш на сите.“

Поштарот почна да мрмори. „Од каде ли се појави сега овој куп писма? Ти благодарам што ги донесе, Рамон!“

„Нема проблем. Затоа сме тука.“ – додаде тој не покажувајќи намера да си замине. „Нема ли да отвориш ниедно?“

„Нема потреба. Лични се“ – се побуни девојчето.

Дедо ѝ ја погледна налутено. Што ли смислиле за да обезбедат 500 писма? Петстотини писма за него.“

Кога Рамон забележа дека атмосферата е напната, тоа беше себап за да си замине.

„Што сте направиле, Ирија?“, праша Федерико.

„Ти сакаше да се вратат писмата“.

„Но не по секоја цена. Од каде се појавија сите овие?“ Одбра едно по случен избор. „Зошто ми пишува некој си Пол? Не го познавам воопшто.“ Го скина ковертот, го отвори свитканиот лист што се наоѓаше внатре и прочита на глас: „Здраво Федерико. Ова е прво писмо што го пишувам во животот. Се викам Пол, имам девет години и имам дислексија. Се надевам дека ти помогнав. Ти праќам бакнежи. Пол.“

Поштарот занеме.

„Ти ветив дека ќе се вратат, дедо. Треба да ми веруваш.“

Дедото воздивна и ја прегрна внука си.

Извадок од романот *„Пишувачите на писма“* од Беатрис Осес



**Разговараме**:

Какво ветување му дала внуката на дедото? Дали тоа се остварило? Кој е Пол? Што мислиш, зошто пишувањето на писмото претставува голем чекор за Пол?

## Тема за дискусија

Што претставува дислексијата? Дали лицата што имаат дислексија чувствуваат одредени потешкотии? На кои начини може да им се олесни извршувањето на училишните активности?

## *Тоње Глимердал* (извадок)

## Десетта глава

**Во која Клаус Хаген ги преминува сите граници и во која се испишува познатата историја: „Се сеќаваш ли како Тоње Глимерадал се качи на бродот со санката?“**

За девојките Глимердал има многу приказни. Особено за тетките Еир и Идун. Тоа многу го нервира Оскар Глимердал, дедото на Тоње. Тој е сериозен човек, со строги правила, бивш директор на училиште. И тој не сака кога луѓето во продавница раскажуваат приказни за неговите ќерки. А луѓето постојано го правеа тоа. „Се сеќаваш ли како близначките на Оскар сплавареа низ Глимердалселва во корито?“, ќе прашаше некој и останатите почнуваа да се кикотат. Приказната за сплаварењето со корито е најпознатата, но не и единствената што се раскажуваше за тетките Еир и Идун. Но кога тие заминаа на студии, Тоње го зеде главниот лик во повеќето приказни.

Кога Фуријата на Глимердален стана ова понеделничко утро, таа сè уште не знаеше дека токму овој ќе биде еден од тие историски денови. Но ако го знаеше тоа, тогаш ние не ќе имавме никаква приказна.

– Ќе одам во кампот! – му викна таа на татко си.

– Надвор е малку потопло од вчера. Снегот е влажен, таман за правење снежни топки. Тоње скокнува од последното скалило на столбиштето и го прелетува поголемиот дел од дворот. Наоколу снегот капе стоплен од сончевите зраци. Тоње ги полни градите со еловиот воздух и мижурка кон сонцето. „Дијамантски“, така ги нарекуваше Тоње ваквите денови. Си потпевнува додека минува низ Чудесната шума. Лизгаво е и таа на неколкупати за малку што не падна. Еј, Сали, внимавај денес да не скршиш некој колк! Но лизгавата патека завршува пред кампот на Хаген зашто тој влезот го беше посипал со чакал. Понатаму патеката си продолжува, но тие неколку метри покриени со ситни камчиња ја прекинуваа трасата за санкање.

– Барем да оставел премин – воздивнува Тоње.

Но денес не може да се лути на ништо. Наскоро ќе си ги сретне пријателите!

Тоње запира пред портата. Здогледува една жена, гостинка од кампот, која стои и си ги мести скиите.

– Кај децата ли одиш? – прашува таа.

Тоње кимнува со главата.

– Тие си заминаа, – вели жената. – Пред малку.

– Но како... – се чуди Тоње. – Не кажаа дека ќе си заминат.

Жената се насмевнува сочувствено.

– Изгледа не по своја желба.

Тоње ја подава главата преку портата за да види што се случува во кампот. Клаус Хаген стои покрај прозорецот на рецепцијата. Кога ја забележа Тоње, се свртува и исчезнува од прозорецот. Е не може така! Таа ја турка вратата и застанува лице в лице со Клаус Хаген. Или поточно лице в лице со неговиот стомак, зашто Клаус Хаген е висок, а Тоње малечка.

– На чакалот да не дојде да се жалиш? – прашува тој.
Но тој не знае дека Тоње сега речиси воопшто не ја интересира неговиот чакал.

– Ти ли ги избрка?

Во гласот на Тоње има толку тага што Клаус Хаген го спушта погледот и се загледува во документите на масата.

– Во кампот не е дозволено да се доаѓа со деца. Јас им дадов шанса. Но тие ја злоупотребија на секој можен начин – вели тој. – Вчера со тие санки кренаа толкава врева! Никој овде немаше спокој.

Клаус Хаген очекува Тоње да збесне. Очекува таа да се развика, да турне нешто на подот или да направи што било со коешто тој би имал право да се налути. Но Тоње ниту се развикува ниту пак турка ништо. Таа прави нешто уште полошо. Не прави ништо.

Клаус Хаген гледа како Тоње Глимердал се свртува и со тежок чекор заминува од рецепцијата. Тој преку прозорецот гледа како таа ги брише очите со ракавиците и како онаа добра жена ја погалува по образот. И на крајот ја гледа како со наведната глава тргнува угоре по долината. Да, Клаус Хаген виде едно дете со скршено срце, а не разбеснето дете како што очекуваше да види, и тоа дете со скршено срце успеа да ја трогне дури и неговата душа. Барем денес, зашто Клаус Хаген денес виде неколку скршени срца. И застанат така покрај прозорецот, тој одеднаш се почувствува како многу лош човек.

Извадок од книгата *Тоње Глимердал* од Марија Пар

**Разговараме**

Како се чувствува Тоње на почетокот на денот? Како ги нарекува ваквите денови кога има сонце? Дали сонцето влијае врз нејзиното расположение? Како се чувствува Тоње кога се среќава со жената гостинка во кампот? Како се чувствува по краткиот разговор со неа? Каде се упатува Тоње и што се случува во следниот миг при средбата со Клаус Хаген? Дали Клаус го очекувал ваквото нејзино однесување? Што предизвикува кај Клаус Хаген однесувањето на Тоње?

## Твориме

Замисли дека си Тоње. Запиши ги своите чувства ставајќи се во нејзината кожа.

**Истражуваме и разговараме:**

Кои зимски туристички центри ги има во нашата земја? Каде може да се оди на зимување? Постојат ли зимски кампови кај нас?

Дали во вашата блиска околина имате некое место соодветно за санкање? Како изгледа тоа?

## Невообичаена новогодишна елка

За време на новогодишните празници, Сергеј отпатува во куќата на својата баба во селото. Градскиот шум и метежот по улиците сега беа зад него. Низ прозорецот на автобусот погледна во бесконечните полиња покриени со чист бел снег. Баба му го чекаше на станицата и му ги раскажа селските вести на патот кон дома.

– Добивме нов свештеник. Тој е од градот. Иако е млад, тој е многу образован... Знаеш, тој завршил Академија во Москва! – бабата со шепот го изговори зборот „академија“, како да му доверува на својот внук некоја страшна тајна. – Во храмот нема греење. Внатре е мраз, но тој сѐ уште ја извршува службата. Куполата е полуразрушена, низ неа провејува снег, но не му пречи.

По ручекот, Сергеј се прошета во селото. На еден рид стоеше огромна камена црква. Во далечината се гледаше разурната купола. Прозорците беа покриени со најлон, а на вратата висеше нов катанец, како и лист со распоред на богослужба.

„Третојануарска Божествена литургија. Почеток во 9.00 часот“

Во потписот стоеше:

„Старец на црквата Архангел Михаил, свештеник Никола Иљин“.

„Одлично“, помисли момчето. „ќе дојдам утре.“

* * *

Храмот беше страшно запоставен. На подот имаше траги од гуми за камиони, бидејќи црквата некое време служела како магацин за пченица. Од иконостасот не останало ништо. Преку срушената купола се гледаше зимското небо. Отец Никола го воведе Сергеј во олтарот и кога тој се облече, започна литургијата. Хорот се состоеше од само две лица. Млада жена и девојка кои гласно извикуваа „Амин“. Додека палеше јаглен за кадилницата, Сергеј помисли: „Сигурно се тоа сопругата и ќерката на отец Никола“.

Освен нив, во храмот немаше други луѓе. Очигледно, селаните не беа многу религиозни. На крајот на службата, Сергеј ги прочита молитвите за благодарност и го напушти храмот. Не се ни помести, кога снежна топка го погоди во грбот. Другите се свртеа и здогледаа една девојка.

– Не можеш ни да читаш молитви – се смееше таа.

„Кој, јас ли?“, се прашуваше момчето.

– Па, читам во храмот уште од трето одделение. Наизуст ги знам утринските и вечерните правила.

– Не знаеш, не знаеш – го задеваше и повторно со снежна грутка го погоди Сергеј.

Така, тие станаа пријатели. Таа му кажа дека се вика Ана и дека е ќерка на свештеникот Никола. Била петто одделение, а нејзината мајка била наставничка во селското училиште.

– Имаш ли елка дома? – го праша Ана.

– Секако дека имам – Сергеј ги крена рамениците.

– Ние немаме. Не купивме. Скоро дојдовме овде. Тато не дозволува да донесеме елка од шумата. Можеби ќе добиеме една до Божиќ.

Осамна Божиќното утро, сончево, но студено. Во храмот, Сергеј додаде масло во лустерите, а Ана им ги подаде тетратките на луѓето во хорот.

– Каков подарок би сакала за Божиќ? – ја праша Сергеј.

– Никаков. Имам сè, не ми треба ништо – се насмевна Ана. – Само ако ми дадеш нешто необично.

– Кажи ми што сакаш?

– И што ако сакам нешто што не можеш да го исполниш? Можеби сакам да растат мандарини на оваа бреза – таа покажа на брезата пред својата куќа и истрча внатре смеејќи се.

„Зошто постојано ме исмева“, помисли тој. „Па, ќе ѝ покажам кој е и што може да направи Сергеј Кирилов. Во селото имаше само една продавница без мандарини. Затоа отиде со санка до соседното, малку поголемо село, кое беше оддалечено осум километри. Но ако го скратеше патот низ шумата, тогаш имаше само три километри. Купи мандарини и побрза да се врати бидејќи веќе се стемнуваше. Низ дрвјата ја виде светлината во куќата на неговата баба. Брзо ја изеде леќата од баба му и веднаш отиде на работа.

Зеде силна свилена нишка и голема игла. Правеше јамка на секоја мандарина за да може да ја обеси на гранка.

* * *

Тој се искачи преку оградата и истрча до брезата. Започна да се качува на најниските гранки и да ги обесува мандарините. Одеднаш, на аголот на окото, го виде кучето на Ана како му се приближува. За миг момчето се искачи на врвот на дрвото. Но, кога слушнаа лаење, луѓето излегоа во дворот.

Отец Никола го зеде синџирот и го врза кучето.

– Млад човеку, ти си шегобиец. – му рече на Сергеј, гледајќи во мандарините на брезата.

Слегувајќи од дрвото, Сергеј истрча кон Ана. Кога родителите влегоа во куќата, Ана му рече на момчето:

– Па, добивме елка, но немаме украси. Предлагам да ја украсиме со твоите мандарини. Тоа ќе биде најубавиот подарок за Божиќ.

Дојде Божиќ. Снег паѓаше низ разрушената купола. Кога заврши Литургијата, подот во храмот беше како бел мек ќилим. После службата, Ана и Сергеј чекаа празничен ручек крај најневообичаената новогодишна елка на светот.

https://krajbrezje.mk/2021/01/07/bozhikjna-prikazna-nevoobichaena-novogodishna-elka/
преземено на 10.9.2023 г.



## Разговараме

Каде и кога се случува дејството во овој расказ? Кои се главните ликови? На кој начин Сергеј сакал да ја израдува Ана? Што мислиш ти за таа негова постапка?

Дали новогодишната магија е во елката, украсите и подароците или можеби во нешто друго?

Со што би ја накитил елката за да го изненадиш и притоа да го израдуваш својот другар?

Македонски јазик
материјали за учење за шесто одделение

Издавач: Биро за развој на образованието

Уредник: Абдулфета Фетаи

Автор:
Верица Неделкоска

Стручна поддршка:
Рајмонда Незири, координатор
д-р Марина Димитриева Ѓорѓиевска
Оливера Тодороска
м-р Јанко Билбилоски

Лектор: Александар Здравевски

Година на издавање и печатење – 2024

Место на издавање - Скопје

Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:811.163.3(035)

НЕДЕЛКОСКА, Верица
Македонски јазик [Електронски извор] : материјали за учење за шесто одделение / Верица Неделкоска. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2024

Начин на пристапување (URL):
https://brogovmk-my.sharepoint.com/:b:/g/personal/bro_macedonia_bro_gov_mk/EcfIjt1acWtHhdMBs2fkVN0BwNxI48q7670jO76UlRqUuA?e=DjDjTx.
- Текст во ПДФ формат, 124 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 23.04.2024

ISBN 978-608-206-179-5

COBISS.MK-ID 63554053